СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 декември 1994 година

Скопје, декември 1994 година

**6 (ШЕСТА) СЕДНИЦА 1А СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 20.XII.1994 ГОДИНА**

Дискутанти:

Дневен ред:стр.1,2

Гласање за Нова Влада с.91

4. АНДОВ СТОЈАН - 1, 22,2 3, 90
2. АБДИ ФАИК - 65
3. БИЉАЛИ МЕРСИЛ – 75, 78
4. БОЈКОВ ИВАН - 80
5. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 74
6. ИБВАНОВ ЉУБИСАВ - 28, 31
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 85, 86
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 23
9. КАДРИУ БЕЌИР - 87
10. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 73
11. ОСМАНИ РУФИ - 51
12. ЖНАСТОВСКИ ДИМЧЕ - 83
13. ПОПОВСКИ КИРО - 43
14. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 68, 70, 72, 73
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 36, 72, 73
16. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 48
17. ТУДА РАМИ - 57, 58
18. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 3 ( Експозе по повод избор на н. Влада)
19. ХАСИПИ ЌЕНАН - 62
20. ШАЌИРИ ХИСНИ - 59, 60
21. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 90

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 декември 1994 година

Седницата започна со работа во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славко Котевски, Владо Давитковски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници од Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, мандаторот и предложените кандидати за состав на новата Влада на Република Македонија, претседателот и секретарот на Републичката Државна Изборна комисија.

Записникот од 4-тата седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

Нема.

Констатирам дека записникот од 4-тата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

За оваа седница го предлагам следниот **дневен ред**:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

Избор на Влада на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

101 пратеник.

Дали е некој против?

Не.

Дали некој се воздржува од гласање?

Не.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија .

Извештајот на Верификационата комисија ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Верификационата комисија.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и Предлогот на Верификационата комисија.

Кој е за извештајот и предлогот, молам да крене рака?

94 пратеници.

Дали некој е против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Љупчо Беличев.

Му честитам и му пожелувам добредојде во овој состав и успех во работата.

Минуваме на **точката 2** - Избор на Влада на Република Македонија.

Предлогот за состав на Владата Ви е доставен.

Експозе по повод изборот на Владата и за основните елементи на програмата на Владата, ќе поднесе мандаторот г-дин Бранко Црвенковски.

Има збор г-дин Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Република Македонија, почитувани пратеници, дами и господа,

Јас користам првата прилика во која се обраќам пред новиот состав на највисокото законодавно тело на Република Македонија и на сите вас ви го честитам изборот и ви пожелувам успешна работа.

Пред вас стои исклучително тешка и одговорна задача и не се сомневам дека ќе дадете се од себе да ја оправдате довербата на народот, презентирана на неодамна одржаните парламентарни избори.

Длабоко сум убеден дека, доколку на денешната седница оваа Влада ја добие Вашата доверба, ќе оствариме ефикасна соработка меѓу законодавната и извршната власт, а се во и заради интересот на Република Македонија и нејзините граѓани.

Врз основа на изборните резултати, партиското учество и персоналниот состав, еден дел од јавноста веќе ја прогласи оваа Влада како влада на континуитет. Морам да признаам дека во голема мера таа оценка е точна. Впрочем, стратешките државни и национални интереси на Република Македонија не се нешто што подлежат на радикални промени и редифиниции од еден до друг изборен циклус.

Но, во однос на практичното, конкретно дејствување, по она што претставува основна преокупација, сврзана со време и простор, мислам дека постои голема разлика помеѓу досегашната и Владата која допрва треба да стапи на политичката сцена во Република Македонија.

Основниот амбиент со кој пред повеќе од две години се соочи, се уште, актуелниот состав на извршната власт беше: меѓународна изолација и големи политички притисоци, санкции на северната и блокада на јужната граница, ризик од политичко дестабилизирање, огромна економска нестабилност која се карактеризираше со висока инфлација, срозување на националната валута, пад на производството, зголемување на бројот на невработените, незатворени материјални и енергетски биланси на државата.

Од таквиот амбиент произлегоа и главните приоритети во дејствувањето на таа Влада: битката за меѓународно признавање, зачувување на мирот и политичката стабилност и стабилизирање дури и на повисоко ниво на економските текови во државата беа главните преокупации во изминатиот период. Гледано од денешна перспектива мислам дека на овој состав во овој период и падна задачата да и овозможи на Република Македонија да го положи пред меѓународната јавност, испитот на зрелост. Да се презентираат во наметнатите состојби високите лимити на политичка и економска издржливост, и уште повеќе решеноста на оваа држава и овој народ да го заземе своето место во меѓународната заедница.

И покрај сите пројавени слабости и пропусти во функционирањето, било на Владата во целина, било на одделните министерства, и покрај низа грешки од кои некои се идентификувани, а некои не се во јавноста, фактот, што токму во мандатот на таа Влада успеавме да ја пробиеме меѓународната блокада, што станавме членка на 00Н, на ММФ и на СБ, што воспоставивме дипломатски односи со стотина држави што и покрај сите искушенија ја сочувавме политичката стабилност што покажавме дека се неточни тврдењата дека Македонија, како независна држава не може на економски план да и држи повеќе од три месеци, фактот што ги издржавме и санкциите и грчкото ембарго и уште повеќе фактот што

токму во тој период на такви надворешни лимити ја ставивме под контрола инфлацијата и ја стабилизиравме националната валута, најдовме сили да отпочнеме неколку крупни инвестициони проекти, говори дека на главните, магистрални правци, таа Влада ги изврши своите задачи.

Сето ова го говорам од една единствена причина, затоа што сакам токму од истото место од каде ги предложив тие личности за членови на Владата, да им се заблагодарам за нивниот досегашен ангажман на соработката што ја имавме, па ако сакате и да им честитам и на храброста што ја имаат да бидат министри во едно така тешко и неизвесно време.

ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ,

Денеска пред вас се наоѓам во улога на мандатор на новата Влада и покрај презентирањето на персоналниот состав, мое уставно право, но и моја уставна обврска претставува презентирањето на програмските определби кои ќе бидат рамка за функционирање на извршната власт во наредниот период имајќи го предвид времето што ми е на располагање, но уште повеќе водеше сметка за вашето трпение се определив за елаборирање по мое мислење во четири фундаментални области: 1) надворешната политика, 2) економскиот систем, 3) политичкиот систем и демократизацијата и 4) меѓунационалните односи.

НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Судбината на малите држави и народи е таква што од една страна имаат крајно лимитирано влијание на глобалните светски текови, а од друга страна, најдиректно ги чувствуваат последиците од поместувањата или нарушувањето на односот на силите. Тоа можеби од етички аспект можеме да го прогласиме за неправедно, нехумано, но тоа нема да ја

промени реалноста. Оттука, за една мала држава основа за успешна надворешна политика претставува умешноста благовремено да се дијагностицираат да се идентификуваат тенденциите на глобален план, да се лоцираат можните алтернативи и да се избере она кое на најсоодветен начин ги штити виталните државни и национални интереси.

Распаѓањето на децении присутна блоковска подделеност, но и урамнотеженост, предизвика силни тектонски нарушувања чии вибрации на трагања по новата состојба на рамнотежа и глобален план сеуште трае. Илузијата дека на крајот на студената војна брзо и лесно ќе се воспостави нов светски поредок заснован врз принципи прифатливи за сите, траеше мошне кратко. Можеби, најсликовита е дефиницијата што ја даде токму претседателот на Руската Федерација: "студената војна заврши, почна периодот на студениот мир".

Очигледна е новата прераспределба на интересите и влијанијата која треба да соодветствува на новите односи на сили, она што мислам дека е битно да се констатира е дека еден од фокусите на таа прераспределба е токму регионот на Балканот. Голем број од посткомунистичките земји влегоа во периодот на политичка и економска транзиција со силна верба во меѓународните принципи, со верба во европската демократија и новата европска архитектура. За жал, се покажа дека тие принципи и начела не се апсолутни. Се покажа дека во меѓународната политика често пати интересите се поважни од принципите. Примерите кои би ја потврдиле оваа реалност се бројни. За да не ги бараме трагајќи по европските и светските меридијани, доволно е да се потсетиме на оние кои директно ги почувствувавме на сопствената кожа. Единствената држава од поранешна Југославија која успеа да ја избегне војната и со тоа најмногу си помогна себеси, но исто така, даде полн придонес и кон мирот и стабилноста во периодот е, сеуште надвор од ЌЕБС, од организацијата која е формирана пред се, да

работи на мирот и безбедноста. Или Република Грција веќе десет месеци ја држи херметички затворена нашата јужна граница надвор од било какви меѓународни норми и принципи. Постапката пред Европскиот суд е морална сатисфакција, но што да правиме со огромните економски штети што ги чувствува во помала или поголема мера секој наш граѓанин. Примери има уште многу на сите ни се добро познати и јас не би го злоупотребувал вашето внимание за нивно набројување.

Ова го кажувам не за да го потхранам или за да им дадам за право на оние кои тврдат дека нема што да очекуваме од меѓународната заедница или од Европа и дека треба да се свртиме кон балканските варијанти и рецепти за решаваше на проблемите. Напротив, за малите држави токму чадорот на меѓународните организации и институции, токму кодексот на меѓународните принципи и стандарди се најдобриот пат за заштита на сопствените интереси.

Впрочем, тие им се потребни токму на малите, а не на големите за да можат со аргументите на сила и притисок да ги постигнат и изнудат своите цели и интереси.

Ова го говорам, од една единствена причина: проектирањето на нашата надворешна стратегија за да го засноваме врз реални претпоставки и основи, за да ја избегнеме опасноста од салонско дебитирање и квази интелектуални расправи околу тоа што ни припаѓа, а што не од колачот на меѓународните права и надлежности.

На Балканот, покрај парцијалните интереси и стратегии на одделните држави постојат и мултилатерални историски константи. Во поодделните периоди од историјата тие губеле и добивале на интензитет, се појавувале во една или друга форма, но својата суштина никогаш не ја изгубиле. За да нема двоумење на што конкретно мислам ќе ги именувам, така што најлесно ќе ги идентификуваме. Едната е идејата за православна алијанса, а другата за зелената муслиманска трансфелзала.

Нашата судбина е што и двете се вкрстуваат токму над географскиот, но и политички простор на Република Македонија.

И врз основа на историското искуство и паметење, но и врз основа на реалните политички проценки, сметам дека непобитен факт е дека заживувањето било на едната, било на другата идеја, а не само што би ја довело нашата држава во подредена положба, туку и директно би го загрозила нашето опстојување и национален идентитет.

Се поставува прашањето: дали е можно, нашиот историски хендикеп, а тоа е што сите не посакуваат за свои да го претвориме во наша предност, во наша историска шанса. Мислам дека можеме и мислам дека создадовме солидна основа тоа и да го оствариме. Имено, токму Република Македонија како независна држава со трајна определба за европско интегрирање и со политика на подеднакво изразена волја за добри односи со сите наши , или како што во јавноста најчесто беше нарекувана политика на еквидистанца, овозможува баланс, рамнотежа на интересите, ако сакате и силите на балканските држави и балканските простори. Оттука, и надворешната политика на оваа влада и тоа во сите сегменти ќе се заснова на реализам во проценките од една страна и долгорочните државни и национални интереси на Република Македонија, од друга страна.

А ТОА ЗНАЧИ:

1. Со соседите - политика на подеднаква волја за добри односи. Ние немаме интерес спрема никаков да имаме априори непријателски став, но исто така, немаме интерес на никого од нив да му овозможиме повластен статус во Република Македонија.

- Наша намера е воспоставување на целосни дипломатски односи со сите наши соседи, севкупна соработка на политички, економски, културен, научен и безбедносен план,

- Нашите граници со седите ги сметаме за неспорни, а истиот став го очекуваме и од нивна страна.

- Немешањето во внатрешните работи на една држава е меѓународен принцип и ние целосно го прифаќаме како наш и тоа во двете насоки како наш однос кон соседите но ќе ги користиме во полн капацитет доколку има тенденции во обратна насока.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Грижата за македонците надвор од Македонија ќе ја реал зираме низ меѓународните организации и институции и во рамките на меѓународните принципи и стандарди.

Второ, европското интегрираше на Република Македонија не е само наша политичка декларација, туку и наш стратешки интерес. Тоа е определба која ќе биде вткаена не само во физиономирањето на Министерството за надворешни работи, туку во сите области, во сите ресори на владиното функционирање. Тоа не значи само наш напор за зачленување во Советот на Европа, во ЌЕБС, пристапување на ГАТ, односно Светската трговска организација, наша подготовка за договор за економско техничка соработка со Европската унија, наше пристапување прво кон “Партнерство за мир", а потоа и кон НАТО, туку и студиозно прифаќање на европските норми и стандарди и приспособување на вкупната наша законска регулатива кон постоечката од Европската унија.

Оттука, принцип на работа на оваа Влада ќе биде за сите поважни законски проекти да обезбеди мислење и меѓународна експертиза.

Не е ниту нескромно, ниту претерано ако кажеме дека наша трајна цел е асоцирање на Република Македонија во Европската унија.

## ПРОГРАМСКИ ОПРЕДЕЛБИ НА ЕКОНОМСКИ ПЈХАН

Ако главна карактеристика во функционирањето на претходната Влада на економски план беше преживувањето и стабилизацијата, тогаш она што ќе биде главен печат на оваа Влада се реформите и нивната радикализација.

II/2.-

Структурните промени во реалниот и финансискиот сектор се наша определба без алтернатива. Секое нивно одложување, без разлика на мотивите кои тоа би го предизвикале, директно значи и зголемување од една страна на цената која мора да се плати за нивна реализација, но од друга страна и намалување на шансите за нивна успешност.

Оттука, главниот предизвик за оваа Влада ќе биде, не дали ќе го прифати патот на радикализација на економските реформи (имено, тоа го сметам за апсолвирано прашање), туку дали ќе успее да ја извлече најминималната можна социјална цена на нивното спроведување( Во таа смисла,1995 година е клучна и тоа заради две причини: првата, затоа што еден добар дел од социјалната цена ќе треба да се плати токму во тој период, и втората, затоа што во идната година треба да биде Дефинитивно запрен повеќегодишниот пад на производството, како неопходен предуслов за вистинско, реално, стабилизирање на економските текови и овозможување на постепен раст во натамошниот период.

Почитувани пратеници,

Вие добро знаете дека во текот на 1994 година ја спроведував- ме Стабилизационата програма, врз основ ана која беше одобрен СТФ аранжманот од страна на ММФ. Реализацијата на оваа Програма од страна на меѓународните финансиски институции беше оценета како исклучително успешна. Впрочем, дел од резултатите се видливи и непосредно за секој граѓанин на нашата држава.

Да се потсетиме:

По низа години на изразито висока, по некогаш и хиперинфлација, во текот на изминатата година конечно успеавме да ја сведеме инфлацијата на годишно ниво од 54%, што е далеку под проекциите со

кои предвидувавме 70% на годишно ниво. Падот на индустриското производство го проектиравме на ниво од 12% ( при што не беа вкалкулирани штетите предизвикани од подоцна воведеното грчко ембарго). Наспроти песимичките предвидувања од првата половина на годината, во последните неколку месеци имаме значително подобрување и на годишно ниво ќе имаме резултат подобар од проектираниот, некаде околу или под 10%. Девизниот курс покажува исклучителна стабилност во текот на целата години. Ги зголемивме девизните резерви на државата. Успеавме значително да ги редуцираме дефицитите во јавната потрошувачка ( буџетска и социјални фондови) од 11% учество во општествениот производ во 1993 година, на 4% во 1994 година.

Меѓутоа, спроведувањето на Стабилизационата програма и постигнатите резултати ќе бидат залудни ако ги сметаме како цел сама за себе. Таа има смисла единствено, ако се смета како прв и неопходен чекор кој треба да овозможи поефикасно спроведување на структурните промени.

Во оваа прилика ќе се задржам само на четири сегменти: приватизацијата, санација на банкарскиот систем, специјалната Програма за преструктуирање на 25-те најголеми загубари и инвестициите како сегмент на новата развојна политика на Република Македонија.

ПРИВАТИЗАЦИЈА

По подолг подготвителен период приватизацијата почна да се остварува во практика и првите приватизирани претпријатија веќе се регистрираа како такви. Најавена е и продажбата на акциите кои останаа не продадени при овие први приватизации. Веќе тука е евидентна потребата од постоење на берза на хартии од вредност и непосредна определба на оваа Влада ќе биде нејзиното формирање. До крајот на годината планираме да се приватизираат помеѓу 70 и 100 претпријатија.

Определба на оваа Влада ќе биде приватизација на уште 400 претпријатија во првата половина на 1995 година. Ќе направиме се до крајот на следната година да го приватизираме мнозинството од вкупниот број општествени претпријатија во државата. Тоа, заедно со сегашните 30% од општествениот производ кои се создаваат во приватниот сектор ќе значи и сосема поинаков економски амбиент во Република Македонија.

Паралелно со процесот на приватизацијата,и со негова помош , ќе го решаваме и прашањето на денационализацијата како политички, правен, економски и етички проблем. За таа цел, пред овој Парламент, веќе во текот на идната година, ќе се најде и Законот за денационализација.

Приватизацијата на општествената сопственост претставува и најсоодветен начин на разрешуваше на еден од најкрупните проблеми во нашата држава - проблемот на девизните заштеди. Секој девизен штедач кој доброволно ќе се одлучи на таков чекор ќе може во висина на номиналниот износ на својата девизна заштдеда да купува делови или акции од општествените претпријатија.

## САНАЦИЈА НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ

Илузија е создавање на здрав стопански амбиент, без постоење на здрав банкарски систем. Уште повеќе реформите во реалниот и финансискиот сектор не можат да се спроведуваат една по друга, туку нивното спроведување мора да се одвива истовремено. Преструктуирањето на банкарскиот сектор ќе значи негово заздравување, демонополизирање и него- ва приватизација.

II/5.-

Првиот чекор на тој план веќе е направен. Извршена е ревизија на најголемите банки во државата и тоа од страна на еминентни меѓународни ревизорски куќи. Врз основ ана нивните извештаи не само што е дефинитивно и јасно кои од поголемите банки во Републиката мора да влезат во процесот на санација, туку на некој начин е дефиниран редоследот на потезите во санационата постапка.

Државата во рамките на своите финансиски можности и преку Агенцијата за санација на банките ќе биде директен учесник во санационата постапка. Таа ќе учествува во чистење на контаминираните биланси на банките со што ќе создаде услови за нивна докапитализација и приватизација. Една од клучните работи која во голема мера ќе зависи од вкупниот политички амбиент во државата, ќе биде привлекување на потенцијални инвеститори.

3. СПЕЦИЈАЛНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА 25-ТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НАЈГОЛЕМИ ЗАГУБАРИ

Ценам дека ова е една од најсериозните и најчувствителни проекти кои ни претстојат. Станува збор за крупни претпријатија кои поради низа причини , екстерни и интерни, во подолг временски период покажуваат високи загуби, кои се проценуваат на околу 5% од вредноста на општествениот производ на Републиката, со висока превработеност и неусогласен обем на квалитет на производството.

Основна цел ќе биде нивно дефанзивно преструктуирање со низа мерки од доменот на финансиското работење, намалување на трошоците, а вклучувајќи ги и трошоците за работна сила, внатрешно организационо преструктуирање, приспособување на производствените асортимани според рентабилноста и затварање на нерентабилните

делови, или целини. Сето тоа со цел да се обезбедат услови за нормално функционираше на здравите делови и на оние кои со повеќе мерки имаат шанса да заздрават. И посебно, за да се избегне ескалацијата на негативните реперкусии од нивното лошо функционираше и врз нив самите, но и врз вкупното стопанство. Сериозноста на овој зафат упатува на обврската на државата да понесе добар дел од товарот првенствено за исплата на надоместокот за изгубеното работно место на вработените и за создавање на неопходен обртен капитал за нивно натамошно функционирање.

Се цени дека ќе се обезбедат доволно средства од повеќе извори, пред се од Буџетот ( во оваа фаза на изработка на Буџетот за 19 95 година се планираат 1,8 милијарди денари за испратнини), од Светската банка преку специјалниот кредит ФЕСАЛ, од компензационите фондови на ФАРЕ и ЕКО програмите, како и со продажба на непотребни основни средства, залихи и делови на претпријатијата.

Во овие претпријатија ќе дојде и до промени во начинот на управување со соодветно учество на државата ( не помало од 51%) и заради карактерот на мерките, но и за да се обезбеди неопходното менаџерско преструктуирање.

На крајот од процесот на преструктуирањето ќе следи и нивна приватизација.

## 4. ИНВЕСТИЦИИ И НОВА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

И покрај исклучително тешките околности во кои се наоѓавме во изминатиот период, смогнавме сили и отпочнавме неколку крупни инвестициони проекти. Да се потсетиме: Тоа се пругата која треба да не поврзе со соседна Бугарија, Хидроелектранаата "Козјак", Далеководот

Скопје - Битола, изградба на оптичка телекомуникациона линија - дел од Трансбалканскиот систем, сателитско телекомуникационо поврзување со светот, воспоставување на целосна контрола над македонскиот воздушен простор, низа патни правци низ Републиката и т.н.

Со тоа го отпочнавме и новиот инвестиционен циклус, чија натамошна реализација ќе биде една од основните задачи на новата Влада. Притоа, и во иднина главен акцент ќе ставаме на инвестициите во инфраструктурата не само заради мултипликативното влијание врз целото останато стопанство, туку и заради фактот што развиена инфраструктура значи и подобар амбиент за зголемена стопанска активност.

Една од основните задачи на оваа Влада ќе биде изработка на новата развојна програма на Република Македонија соодветна на новите политички и економски услови.

Почитувани пратеници,

Токму овие денови, во Република Македонија престојува уште една Мисија на ММФ. Непосредно по Новогодишните празници ќе дојде и Мисијата на Светската банка. Се наоѓаме на фазата на финализирање на преговорите околу склучување СТЕНД БАЈ аранжманот со ММФ и вториот заем на структурните промени со Светската банка.

Чинам дека не е потребно посебно објаснување дека овој аранжман за нас ќе значи и една голема обврска , но во исто време и голема шанса.

Во време на Втората светска војна Черчил на англичаните им ветил крв, пот и солзи. Јас нема да го направам тоа. Но, сосема е јасно дека спроведувањето на овие реформи нема да биде ниту лесно ниту безболно.

И покрај цврстата решеност и јасните определби, ниту оваа, ниту било која друга Влада не може да смета на нивна реализација, доколку не добие силна поддршка од вас, претставниците на највисоката законодавна власт во државата.

Се надевам дека ќе ја имаме!

## III. ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

Во областа на политичкиот систем сметам дека продолжувањето и продлабочувањето на реформите, исто така, нема алтернативи. Тие реформи ќе се засноваат врз реализирањето на основниот концепт на политичкиот систем дефиниран во Уставот на Република Македонија.

При тоа ценам дека посебен приоритет може да се даде на:

- изготвувањето на предлог законите од областа на судството и посебно брзото донесување на системскиот закон за организација на судството, како и законите за судските постапки, кои во себе треба да ги содржат соодветните стандарди на европското право. Впрочем тоа е, меѓу другото, и предуслов за нашето зачленување во европските асоцијации.

Со брзото и ефикасно завршување на овие реформи ќе се создадат потребните услови за заокружување на судската власт, онака како што таа е проектирана со Уставот и ќе се обезбеди потребниот баланс меѓу трите власти во државата. Тука посебно сакам да нагласам дека врз продлабочувањето и стабилизирањето на демократските процеси во Македонија пресудно ќе влијае и реформата на кривичното законодавство и тоа посебно од аспект на заштитата на човековите права и односите меѓу граѓанинот и државата.

Сметам дека не помалку битни се и реформите во областа на државната управа и дека тие треба да се обезбедат што побрзо, со донесувањето на соодветниот системски закон кој треба да содржи неколку основни одредници. прво, а државната администрација мора да се изгради како политички неутрална, стручна и професионална служба, базирана врз принципот на рационалност и ефикасност во својата работа. Целосната деполитизација на државната администрација треба да се обезбеди со прецизни одредби во новиот закон. Треба да се сосечат можностите за корупција и бирократизација и оваа служба да се организира на највисоко професионално ниво и да прерасне во вистински сервис на сите граѓани на државата.

Исто толку е важно и дефинирањето на локалната самоуправа. За тоа можат да се наведат повеќе причини. Меѓутоа, ценам дека е најважно да се обезбеди правото на граѓаните на локална самоуправа и нивното директно учество во решавањето на прашањата од оваа сфера. Впрочем, на тоа не обврзува уставниот концепт. Со тоа на најсоодветен начин ќе се прошират демократските структури во државата.

Второ, локалната самоуправа ќе овозможи голем дел од прашања-та од меѓуетничките односи и остварувањето на правата на националностите да се разрешат во рамките на уставниот концепт. При тоа, ќе ги вградиме сит решенија од оваа област што дадоа позитивни резултати во досегашната практика, а посебно решенијата од Европската повелба за локалната самоуправа. Се разбира дека, по донесувањето на овој Закон,ќе го предложиме и Законот за новата територијална поделба.

Продлабочувањето и стабилизацијата на демократските односи во државата се невозможни без целосното заокружување на пакетот изборни закони. Тука посебно. мислам ан Законот за избор на пратеници,Законот за избор на одборници или членови на градските

совети, Законот за  изборните единици и се разбира, Законот за избирачките списоци. Во овој пакет закони треба да ги вградиме оние правни решенија од постарите парламентарни системи што одговараат на една правна држава, на нашиот изборен модел и на суверенитетот на граѓанинот.

Да резимирам. Со реформите на политичкиот систем треба да создадеме услови за реално остварување на правата на граѓаните и за ефикасно функционирање на сите демократски институции. При тоа, треба јасно да ги дефинираме границите на државните акции во приватноста на граѓаните и да ги обезбедиме правните гаранции за тоа.

Свесен сум дека суштинската стабилност на демократските институции се потпира, пред се, на политичката зрелост на граѓаните која произлегува од нивната индивидуалност,но и од правата и слободите што ги уживаат во едно цивилно општество. Тука ја гледам и клучната улога на слободните медиуми. Таа е суштествена во градењето на политичката култура на граѓаните и општиот дух на слободата во општеството. Затоа ќе направиме се што е во наша надлежност и ќе предложиме правни решенија што ќе создадат услови за плурализација на медиумите како неопходен предуслов за демократизација на општеството. При тоа, посебно ќе се ангажираме да се создадат услови за соодветен пристап на националностите во медиумите и за остварување на нивните уставни права на овој план.

## IV. МЕЃУНАЦИОНАЛНИ ОДНОСИ

Меѓунационалните односи и досега, но и во иднина ќе претставуваат еден од столбовите на стабилност ана Република Македонија. Впрочем, тоа не е само наша карактеристика.

Погледнете ја Европа, не само Источна.

Сите конфликти и војни, всушност, се судири врз етничка, често пати и врз религиозна основа.

Македонија е држава во која живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи,Срби; држава во која живеат православни, но и муслимани, католици и други. Тоа е нашата реалност и од неа треба да се тргне во проценките, определбите, политиката.

При тоа , за Македонија нема спокојство додека општо не се прифати фактот дека е таа заедничка, единствена, неделива татковина која подеднакво им припаѓа на сит нејзини државјани без разлика на нивната национална, верска или политичка припадност.

Балканот е регион каде сите се обременети со својот национален идентитет, со неговото зачувување и негување. Често пати тоа предизвикува и преклопувања и недоразбирања. Се поставува прашањето дали е можно да се најде резултанта, допирна точка, критериум кој, од една страна, го овозможува негувањето и развивањето на националниот идентитет, а од друга страна, ги надминува можните недоразбирања. По мое мислење тоа е можно и тоа е всушност односот кон заедничката држава, кон заедничката татковина.

Ако се согласуваме дека:

- стабилноста и мирот во Република Македонија претставуваат заеднички интерес на сите нејзини граѓани,

- ако се согласуваме дека територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија е заедничка грижа и заедничка обврска,

- ако сите заедно сакаме да ја видиме Македонија како меѓународно призната и респектирана држава,

II/12.-

- ако сакаме Македонија да бие правна држава во која ќе се почитуваат Уставот и законите,

- ако сакаме да ја градиме државата како економски просперитетна,

Значи;, ако сите претходно наведени работи се интерес, а јас сум длабоко убеден дека се интерес на секој граѓанин на Македонија, без разлика на неговата национална припадност, тогаш сме дошле и до критериумот кој оваа Влада ќе го применува во своето функционирање.

Она што би сакал да го истакнам како мое задоволство е фактот што во овој Парламент седат пратеници од скоро сите националности во нашата држава.

Тука, во највисокото законодавно тело на Република Македонија е местото каде треба да се судрат различните мислења и интереси.

Решавањето на проблемите низ институциите на системот има само една алтернатива - најлошата, онаа што ниту еден вреден, семеен човек без разлика што е по националност, не ја посакува.

Кога пред повеќе од две години го предложив претходниот состав на Владата и јас лично, но и сите останати што го поддржаа бевме жестоко обвинети дека правиме неприродна коалиција. Дека единствениот наш мотив е да се дојде до власта, а потоа и да се сочува власта.

Денес, изборните резултати не оставаат место за било какво сомневање. И покрај мнозинството во Парламентот, ви предлагам состав на Влада во кој повторно партиципира и ПДП. Значи, не се работи за желба за власт, туку се работи за политички став.

II/13.-

Македонија е заедничка држава и треба заеднички да ја градиме и чуваме и низ законодавната, но и низ извршната власт.

Почитувани пратеници,

Дозволете на крајот уште неколку забелешки. Персоналниот состав на новата Влада што ви е доставен за оваа седница е резултат и на некои мои лични видувања, меѓутоа, и на преговорите што ги водев со политичките партии.

Би сакал да ја искористам оваа прилика да им изразам јавна благодарност на оние политички партии кои ја поддржаа мојата кандидатура за мандатор за составуваше на новата Влада, да се заблагодарам на нивниот коректен однос во фазата на преговорите и посебно да се Ј заблагодарам на јавно презентираната поддршка.

Мислам дека го делам и вашето мислење, а тоа е дека и пред новата Влада и пред овој нов Парламент се поставија исклучително тешки задачи. Ќе треба да имаме доволно храброст да го менуваме она што ќе може да се промени, ќе треба да имаме доволно сила да го издржиме она што не ќе може да се промени и она што е најмногу важно ќе ни треба многу мудрост да го разликуваме едното од другото.

Длабоко сум убеден дека заедно со ефикасна соработка ќе успееме. Благодарам.

(Дискусијата беше проследена со бурен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да пристапиме на избор на Влада, давам пауза за да се обават консултации во пратеничките групи.

Ги молам службите да го поделат текстот на излагањето на претседателот на Владата. На знак на ѕвоно седницата ќе продолжи.

(Седницата прекина со работа во 11,40 часот).

( ПО ПАУЗАТА)

Седницата продолжи со работа во 14,20 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Чинот на изборот на нова Влада претставува одговорен политички настан и тој е всушност завршен чин на целиот изборен процес. Искажаната волја на избирачите на општите парламентарни избори низ односот на сивите во парламентот, низ вообичаената пракса на парламентарните демократии се вообличува со извршната власт. Всушност денешната одлука е од исклучително значење бидејќи со составот на Владата што ќе биде од- брана граѓаните што гласаа за кандидатите на Сојузот за Македонија очекуваат да биде изразена политичката волја што ја искажале на изборите. Исто така и оние граѓани кои не гласале или гласале з а другите партии мора да ги препознаат и своите интереси и да се побудат нивните надежи бидејќи ова е Влада на сите граѓани на Република Македонија.

Големата побуда на Сојузот која поради непотребното, неосновано и без вистински причини напуштање на изборниот процес на пар- тиите ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија всушност е апсолутна победа во вториот мандат на повеќе партиското собрание на независна Република Македонија што доведе да работиме без опозиција во Парламентот.

III/2.-

Почитувани го искуството на развиената парламентарна практика во светот кое зборува за тоа дека и во парламентарната демократија не е случаен, туку е органски составен дел опозицијата и се смета дека колку е поголема победата толку е поголем и ризикот од некритичка употреба на власта од страна на победникот.

Ние во Либералната партија обавивме опсижни дискусии за тоа што треба да се стори за подобро организирање на власта како би се намалил ризикот од нејзина злоупотреба. Бевме уште поцврсто убедени во таа наша размисла и поради фактот што големата победа на Сојузот за Македонија не беше само обична наклоност на избирачите, на кандидатите, за Сојузот за Македонија, туку тоа беше јасна дистинкција на избирачите, јасно нивно оградување од оние партии кои со популистички методи и евтини измами всушност нудеа недемократски плат- форми. Затоа, изборниот резултат што го постигна Сојузот за Македонија е демонстрација на општото расположение на граѓаните да се обезбеди што посилна демократска атмосфера во земјата со јасни односи и механизми на контрола, со сите можни уставни и законски средства и на тој начин да се оневозможат, инаку природните тенденции за злоупотреба на власта. Оттаму, беа обавени неколку регионални консултации со пратениците на Либералната партија во Охрид, Дојран и Скопје, на кои тие ги искажаа своите погледи и на тој начин се присобраа доволно идеи и предлози.

Изградените погледи му ги пренесовме и на претседателот на Република Македонија во консултациите што тој ги изврши со политичките парти пред да го довери мандатот и потоа откако беше доверен мандатот тие наши погледи му ги изнесовме и на мандаторот. Тука би сакал да истакнам дека покрај целината на нашите погледи ние на претседателот на Републиката му го искажавме нашето мислење дека мандатор треба да биде г-дин Бранмко Црвенковски и дека му даваме поддршка.

III/3.-

Суштината на погледите што ги изгради и ги застапуваше Либералната партија во сите фази на разговорите за состав на новата Влада ќе ги изнесам накратко.

Истакнавме дека во услови кога не постои опозиција целокупната одговорност за функционираше на власта ја сноси Сојузот за Македонија. Ние предложивме во организацијата на работата на Собранието да се применат некои правила кои би биле израз на некоја меѓусебна контрола на партиите кои го сочинуваат Сојузот. Имено, предлагавме да се држиме до принципот ако за една област одговара министер од една партија,претседател на соодветната комисија на Собранието да биде од друга партија. На пример. Ако на една партија е министерот за финансии, претседателот на Комисијата за финансирање и буџет во Собранието да биде од друга партија.

Што се однесува до составот на Владата го презентиравме принципот кој поаѓа од суштината на надлежностите на ресорите, па така сметавме дека објективно постојат три вида на ресори.

Првата група на ресори ја сочинуваат министерствата за надворешни работи, внатрешни работи, одбрана,правда и финансии.

Во втората група спаѓаат оние министерства кои на некој начин организационо или финансиски имаат функција на организација и поттикнување на стопанската активност, а во третата група министерства спаѓаат оние кои имаат контакт со непосредниот животен интерес на граѓаните. Затоа нашата партија излезе со предлог кај првата група министерства што ги остваруваат основните државни функции да не дојде до таква поделба на ресорите со што една партија би имала доминантна контрола во државата. Овој предлог го дадовме, бидејќи доколку се случи тоа тогаш една партија би имала контрола, а зад неа би стоел целиот Сојуз за Македонија со 95 пратеника, или што е крајно непожелно таквата позиција на една партија би водела кон недоверба

меѓу партиите што го сочинуваат Сојузот за Македонија и до негово слабеење.

Особено мислевме дека двете министерства, за внатрешни работи и за финансии, каде се сконцентрирани сите контролни функции и ќе биде штетно да ги водат министри од една партија, а и за министерства од втората и третата група мислевме дека е добро да учествуваат и двете поголеми политички партии од Сојузот за да колку толку приближно ја поделат одговорноста за работата на Владата.

Овие наши предлози не сакавме веднаш да ги публикувавме не заради тоа што сметавме дека не се добри или не стоиме цврсто зад нив, ние и денес сме убедени дека тоа се добри принципи и дека овозможуваат да се остварат најдобро интересите на избирачите, но не сакавме да ги публикуваме за да избегнеме тоа некој да го сфати како наш притисок врз нашите партнери. Но, денес кога се наоѓаме пред одлуката за Владата сметаме дека е потребно парламентот како најмеродавно тело да го известиме за тие наши погледи, затоа што сме длабоко убедени во нивната исправност и сметаме дека тие наши ставови се на линијата на остварување на пораките на избирачите кои така масовно дадоа поддршка на Сојузот за Македонија.

Овие принципи, кои ние ги предлагаме, всушност во концепцијата за состав на Владата не се прифатени. Мандаторот во експозето не се изјасни зошто не ги прифаќа тие принципи. Тој не кажа дали контролата во отсуство на опозиција не е потребна. Тој исто така не кажа зошто има таква концентрација врз т.н. државни ресори во една партија.

Што се однесува до предложените личности од Либералната партија ние сметавме дека навистина мандаторот извршил добар избор во согласност со нашата сугестија да се избираат компетентни и способни луѓе, но од распоредот и бројот на министерските места произлегува дека нашите предлози за организација на власта и за контрола меѓу партиите мандаторот не ги прифатил.

III/5.-

Во меѓувреме, во текот на разговорите за состав на Владата се случија настани кои, се разбира немаат политичка содржина, но не може да бидат без влијание на политичкото чувство на граѓаните.

По повод инцидентот во дискотеката Хардрок во јавноста беа изречени известувања дека организаторите и извршителите на овој чин на некој начин биле поврзани со обезбедувањето на изборните митинзи на Сојузот за Македонија. Ние сметаме дека тоа е вистинска закана за угледот на Сојузот за Македонија и затоа изразивме мспремност од наша страна да се превземат мерки, како и од страна на партиите од Сојузот за да се утврди дали има вистина во тоа и како да се елиминираат последиците од евентуалните грешки во фазата на организирање на кампањата.

Што се однесува до презентираните програмски определби на мандаторот сметаме дека се во рамките на програмските определби што ги презентираше Сојузот за Македонија во предизборната кампања, но сметаме дека се доста воопштено искажани што на поедини слоеви на граѓаните не им овозможува да ги почувствуваат вистинските намери на Владата, посебно кај оние што се од непосредно влијание на животот на граѓаните. Според тоа, и покрај забелешките што ги имавме, кои ги изнесовме тука сакам да го запознам Собранието дека нашата пратеничка група го поддржува составот на Владата и сака да гласа за него. Но, во составот на Владата што го предложи мандаторот има кандидат кој е потписник на одлуката за основање на Универзитет во Тетово со настава на албански јазик. Предлогот овој кандидат да биде член на Владата е даден пред тој да ја потпише оваа одлука. Според тоа сметаме дека ништо не може да му се префрли на мандаторот што го предложил овој кандидат.

Но, пратеничката група на Либералната партија очекува мандаторот овој кандидат да го отстрани од листата, бидејќи потпишал акт што претходно Владата, чиј член беше, го прогласи за против уставен

и против законит и соопшти дека неговото реализирање ќе го спречи со сите средства на правната држава.

Да завршам, влегувањето на тој кандидат во Владата би преставувало широко отворање на вратата на против уставни дејствија, а Владата би се јавила како соучесник во тоа. Поради тоа, ако овој кандидат остане на листата пратеничката група на Либералната партија бидејќи не може да го издвои своето мислење ќе гласа воздржана за целиот состав на Владата иако останатиот состав на Владата го поддржува.

Овој наш став му беше соопштен на мандаторот веднаш после чинот на потпишувањето и ние очекувавме мандаторот да го исправи овој недостаток во составот на Владата. Нам навистина ми е жал што во овој случај кандидатот што потпишал против уставен акт е од албанска националност. Тоа воопшто не значи дека Либералната партија не го поддржува ставот на мандаторот за учество на албанците во Владата, што впрочем на мандаторот од нас му беше соопштено на време.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Сега Вие очекувате јас да ја критикувам Владата, како што е по обичај, ама не е составена Владата, така да нема кој да се критикува и затоа би искажал некои свои размислувања, кои не беа во експозето на г-динот Бранко Црвенковски како мандатор.

Тој уште во почетокот на своето излагање искажа едно мислење и таа ниту еве се продолжува со зборовите кои ги искажа г-динот Ацо од Либералната партија дека довербата која и ја дадоа избирачите е голема работа и дека таа доверба ние како парламент треба да ја оправдаме.

Јас пред извесно време прочитав една мисла на Конфучије. тој е познат филозоф и кога го прашале кои се клучните работи за успех на една Влада тој рекол: Одбраната, храната и довербата.

III/7.-

Кога го прашале ако мора да се откажеш од една од овие три работи која би била, тој рекол одбраната. А од овие две што остануваат тој рекол храната и покрај тоа што е од животен интерес на луѓето, но од довербата не можам затоа што човечанството ќе нестане ако нема доверба.

Навистина Сојузот за Македонија доби голема доверба но ние мораме да знаеме дека таа доверба ја доби Сојузот не поединечни партии. Ни СДС ни Либералната партија ни Социјалистичката Партија. тоа што поедини партии имаат најголем број на гласови, на пратеници тоа така беше договорено во времето на составување на тој Сојуз. Според тоа ние мораме и така да се однесуваме затоа што очигледно дека за овие 20-тина дена ние веќе ја начнавме довербата што ја имаме од граѓаните во таа меѓусебна партиска расправија, ќошкање, требење, судирања, а исто така и во самите партии внатре. Речиси во сите партии многу луѓе се јавија дека сме победници на овие избори, кои се многу заслужни, на кои сега треба да им се удоволат многу потреби барања, да им се, на еден начин еве и мандаторот во тој поглед оддолжи итн.

Мислам дека тука е голема опасност и во голема замка ќе упаднеме ако ние главната нит, главната работа што ни ја довери народот ја испуштиме од преди. А тоа народот го кажа дека е за таа политика, било на надворешен, било на внатрешен план, било социјална политика која ја водевме овие години како коалиција од две години. Па еве и економската политика која почна со едни позитивни тенденции ни даде доверба до крај ние тоа го спроведеме за да остане тој народ и во наредните избори ни даде и понатаму доверба. За мене да се биде во овој, тоа го рече и самиот мандатор, во овој временски период да постанеш министер значи голема обврска и тоа треба да биде човек кој мора да го жртвува својот комодитет, кој ќе биде спремен да работи по

15, 16 саати затоа што ова е историски момент за Македонија кога Македонија ќе мора да излегува од една*голема криза. Ако така им е поставено прашањето од мандаторот на сегашните министри и тие тоа го прифатиле тогаш ние треба да им дадеме поддршка, а во исто време и одговорност за нивната работа. Ова не е веќе време на решавање на своја афирмација, на лична афирмација и лични потреби, туку време кога треба да се запне и тоа многу да се запне за да почне да се одвиваат позитивни процеси.

Во однос на тоа јас толку сакам да кажам, но во однос на Владата сакам да кажам некои работи што јас ги согледувам и што мислам дека треба да и се кажат.

Прво, Владата треба да знае дека ние сме мала држава. Сите ќе речете па и ние  знаме, меѓутоа не се однесуваме така. Нашата свест, ние сме изградиле свест и така се однесуваме како да се работи за една голема држава, а не за држава која има 27 иљјади километри, и неполни 2 милиони народ. Според тоа концепцијата на Владата треба да биде таква да и устројувањето на таа држава, оваа мала држава, треба да биде и концепцијата и концептот и проектот према една ваква држава, а не према држави кои што се големи држави со 20, 30,40, 50 милиони жители. Ние во Уставот ги поставивме темелите на државата, баз ата, парламентарна власт, па рековме извршна власт, па рековме судска власт, но ние не направивме ништо во однос на сите тие власти да ги прилагодиме на една ваква држава.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ние имаме една сложена судска власт, со многу судии, со многу апарат, по вертикала веројатно тоа не треба да се менува, но по хоризонтала треба да се надградат големи реформи за да се направи едно ефикасно и способно судство кое ќе служи на граѓаните за сочувување на нивните права, слободи итн. Тоа е еден огромен апарат што оваа мала држава не може да го издржува.

Понатаму, па еве да појдеме и од нас како Парламент, дали е потребно ние да бидеме тука 120, ќе речете, ама тоа ништо не значи, дали 120 или 50, но голема работа е со својот пример ако почнеме оттука. Можеби не ни треба овде повеќе од 50. Е, сега, главната работа каде што државата треба да вложи голем напор тоа е во извршната власт, во сите министерства, со еден огромен административен или чиновнички апарат што треба да се направат крупни реформи. Тука мислам дека Владава треба да направи една експертска група, а ние во Македонија имаме способни учени луѓе и да ја преустрои државата према нашата големина, но што е најважно према нашата економска моќ.

Јас мислам дека на секој министер почнувајќи од мандаторот на Владата а и г-дин Фрчковски треба да му влезе во глава дека ние сме сиромашна држава. Сиромашна држава која не почива на ресурси кои можат утре оваа држава да ја извлечат од оваа ситуација. Ние господа не располагаме со нафта, па да сме Кувајт или Саудиска Арабија која ќе заработи големи пари со отворање на нови бушотини, или нови експлоатациони полиња. Ние немаме други енергетски суровини. Македонија има некој мали резерви на јаглен со извонредно лоша калорична моќ. Од металите во Македонија можеби поинтересно е што треба да почива Македонија, тоа е оловото. Македонија која ја зборуваме ние дека има големи предимства во земјоделието не можеме да

обезбедиме ни 50% за храна. Енергија исто така кога работеа нашите капацитети ни 50% не можевме да ги задоволиме. Значи, ние мораме тоа да го имаме во глава а вие знаете кога учевме и сега кога учат децата во учебниците пишува дека Македонија е многу богата земја, за разлика од Швајцарија која е една од најбогатите во Европа, која навистина не располага со никакви ресурси, но тие учат дека се тие една од најсиромашните земји со ресурси, со чуда итн. и детето уште на почетокот стекнува навики дека само со работа, со труд, со големи напори може да постигне во животот, може себеси да се збогати и својата држава.

Трето,- јас мислам дека добро беше да претседателот или мандаторот на Владава и ради оваа Влада и поради себе да кажеше во каква ситуација Македонија е сега, во каква ситуација се наоѓа. Не дека Македонија во ваква ситуација ја довела оваа кои претходната Влада, туку редно околности во кои што сме доведени. Значи, Македонија има еден огромен долг, било внатрешен, било надворешен од две милијарди долари, јас мислам уште една милијарда се влече долгови по разни основи тоа се и непокриените дефицити на буџетот, огромните загуби во стопанството, во фондовите, во специјалните фондови итн. Значи, ние имаме еден огромен зад себе долг кој треба на некој начин да се решава.

Ние за овие години на транзиција исто така добро беше да се каже дека стопанството дојде до многу тешка состојба предизвикана од разни интерни и екстерни фактори за кои јас не сакам исто така да зборувам затоа што треба многу време, но сликата на состојбите во Македонија е во крајно тешка и дури понекогаш кога се гледа безизлезна. Направивме ние и некој грешки во нашево работење овде, Парламентот да кажам еве и Владата, ние ако не зборуваме отворено за грешките ние тие грешки ќе

ги повторуваме понатаму, а треба овде да заклучиме и треба секој да знае дека повеќе немаме право да грешиме, немаме право затоа што секоја грешка не одвлекува се подалеку до безднатa. Ние направивме господо голема грешка во трансформацијата на општествениот капитал. Не може само за тоа Владата да се обвини. Ја правивме прво овде, во Парламентот кога станаа колеги па кажаа дека голема пљачка е на општествениот капитал во законот на Анте Марковиќ. Јас настојувам да ги убедам моите колеги тека тоа не е така, дека тоа е голема заблуда и дека исклучувањето на тој закон од дејствие ќе ни предизвика огромни штети и ќе не фрли назад за 10-15 години. Вие сега сте сведоци дека ние практично 4 години немавме трансформација на општествениот капитал. Ако бевме и пред сите земји што се во транзиција посебно овие кои што отидоа многу напред како една Маџарска, Чешка, Полска итн. ние денеска се наоѓаме веќе на почетокот

Добро е што кажа премиерот дека сега гледаме реклами на телевизија и дека 60, 70 организации ќе одат во трансформација, ама прво треба да се каже оп, па да се скокне. Не оди тој процес така едноставно. Убаво е да се рече, но тешко е да се спроведува, тоа е многу комплицирано. Ние со таквите настојувања ги прогласивме дека оние кои што се трансформираат по Законот на Анте Марковиќ се криминалци, кои беа криминалци, таму станаа акционери работниците.- Тоа ќе беше голема работа ако продолжевме со тој процес, а понатаму можеше тој процес да се одвива и денес да имавме прави акционери, денеска кога зборуваме.

Меѓутоа тоа е што е, сега се поставува прашањето, има ли Македонија иднина? Може ли Македонија анаправи економска снага? Јас кога не би верувал во тоа, јас не би ни седел овде, мислам дека Македонија мора, треба и има своја иднина и свој економски излез.

Меѓутоа, за да се излезе од оваа ситуација и да се тргне во позитивни правци т.е. да ги запреме негативните токови особено во сферата на производството, ние мораме да имаме своја концепција, мораме да имаме свој проект, мораме да направиме ваков проект кој ќе има своја практична реализација во животот, во кој проект треба да се вклучат најсилните и најспособните кадри во оваа Држава. Јас мислам дека е еден од последните моменти кога ние на тој проблем треба да му приjдеме со најголема одговорност. Ако тоа не го направиме тешко ќе биде да се сопрат сите овие негативни процеси. Ние кога ја растуривме Југославија, тогаш Југославија заврши со бруто општествен производ. од околу две ипол иљади долари, а Македонија од околу иљада и шесто долари. Еве тука има луѓе кои повеќе ги следат тие податоци, меѓутоа денеска зборува дека сме веќе на 800, на 600 долари, на 1000 долари. Мене ќе ми беше големо задоволство, задоволство ми чинеше изјавата на премиерот кога рече дека од идната година ние ќе имаме позитивни трендови во сферата на производството. Но, сега ќе беше многу добро ако можеше и ако имаше согледувања, прво, кога ние ќе се вратиме на 1.600 долари и како, кога ќе дојдеме на 3.000, кога ќе дојдеме на 5.000 долари, доход кој што изнесува на пример една Грција која што има најнизок бруто општествен производ задно со Португалија во Европската заедница, а ние г-до велиме дека припаѓаме на Европа и дека треба да имаме стандард како што има Европа. Тоа е перспектива и тоа е надеж и тоа е мобилизација на сите снаги за достигнување на тие цели. Јас знам дека е тешко тоа д асе каже во ова време и од еден човек и од едно место. Меѓутоа, може ли тоа да го каже ако седнеме и ако навистина направиме решенија, или проекти ако понудиме решение во тој поглед.

Јас мислам дека прво што треба да направиме тоа повеќе- пати го кажувам, ние да ги активираме постоечките капацитети, ние многу брзо се откажавме од оваа индустрија што ја имаме. Многу стечаи, многу уништувања на фабрики, многу фабрики престанаа да работат можеби предизвикани од овие разни санкции и блокади итн., но тоа треба да ни биде прво и ние не смееме да се откажеме од едни такви инвестиции како што има во Железара. Замислете сега да градиме нова Железара, па тоа е невозможно. Или пак од еден опис, онака огромен гигант каде што инвестициите изнесуваат по 400 - 500 милиони долари или ред објекти кои денеска се во многу тешка состојба или пред затварање. Добро е тоа што тргна Владата со преструктуирање, па во исто време мислам дека тоа како ни го нуди меѓународниот монетарен фонд, Меѓународната банка, нивните стручни групи во делот каде што се работи за промена на структурата на производството јас го прифаќам тој дел и тој може уште д асе расправа и да се доградува, може делот каде што таа работна снага треба да иде во заводите за вработување и да се решаваат преку социјала, не можам да го прифатам. Би го прифатил еден концепт, развоен, каде што тој дел треба да се вклучи во сферата на производството. Најголемо понижување на човекот е да стане социјала, да отиде во социјалното и да зема социјални пари. Народот не сака да биде социјал, народот сака да работи. Според тоа, во тој поглед ние мораме да понудиме излезни решенија во економиката.

Понатаму, јас прифаќам да меѓународните финансиски институции ми помогнат особено во првата наша фаза на трансформација и транзиција, но ние мораме г-до тоа неколкупати порано сум го кажувал да се потпреме на сопствените снаги, на сопствена асимилација, на штедењето, на сопствените кадри и на сопствениот менаџмент. Сега ние сигурно во овој момент на сопствена акумулација не можеме многу да

сметаме, затоа што ги доведовме организациите во исцрпувачка економска ситуација. Меѓутоа, ако ги ослободиме тие организации од многу доприноси, ако тие доприноси ги прераспределиме на голем дел субјекти во Републикава така наречени тие што се занимаваат со сива економија итн. и оставиме простор работните организации да ја створаат акумулацијата и таа акумулација со законски мерки дали ќе биде ослободенана од даноци и други давачки да ја усмериме во инвестициите ние ќе можеме да градиме нови објекти.

Другиот елемент е штедењето. Мора да ја вратиме довербата на нашите граѓани во банките, низ санацијата на банките и низ цврста гаранција на оваа држава за штедните влогови. Тоа е огромен капитал кој стои дома, кој не е активиран ка граѓаните, а исто така и капитал кој доаѓаше порано од работниците во странство, кој денеска не го пушта.

И, втората работа со која ние располагаме тоа е работничката класа, невработените, а исто така и големиот број на стручни кадри кои што можат со дошколување да се формира еден ефикасен менаџмент кој може од оваа економска ситуација да не извади.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Господине, претседателе, господине мандаторе, почитувани пратеници, во еден ваков свечен момент сметам дека е неопходно да придонесеме да при конституирањето на оваа Влада укажеме на нешта што можеби и сметаше во претходниот мандат со една единствена цел мандаторот по сето тоа да извлече, се разбира, одредени корисни добoрнамерини во секој случај сугестии тие за да не се повторуваат или да се намалат доколку се разбира дозволуваат сите можни околности и сето она што ќе доаѓа.

IV/7.-

Пред се, една многу одговорна што би рекол најискрено една должност на која што му завидувам ниту на мандаторот, ниту на потенцијалните кандидати за министри, затоа што во ова време покрај храброста како што рече е докажана од мандаторот претстои нешто сосема друго, ова е веќе втор мандат и веќе мораме да тргнеме на по нагорна линија и да очекуваме и поголеми резултати и едно поинакво однесување кое би значело одговорност пред преземените задачи.

Ќе ја парафразирам изјавата на познатиот Европски политичар Жак Делор кој што се откажува од кандидатурата за претседателските избори во Франција со едно објаснување дека не се чувствува спремен да може да понесе таков товар, товар на одговорност. Кај нас на некој начин сите можеме се, сите можеме да бидеме сешто, на тој начин сметам дека ја девалвираме функцијата и тоа многу високата функција на министер на Влада. Дали на некој начин не поведе една еуфорија на надмоќ на мнозинство апсолутно така да се однесуваме. Би сакал да бидам демантиран верувајќи во сите луѓе што се предложени- дека ќе дадат макси- му од себе си за да би на некој начин оваа Влада, а јас ќе бидам повторувам најсреќен, да владее 4 години.

Спротивно на сето она што го добиваме како еден сигнал од поширока база од граѓаните дека една ваква Влада нема да опстои толку време. Сметам дека ако тоа се случи ќе бидеме и ние тука како пратеници и едни од виновниците ако се случи такво нешто. Многу симпатична беше онаа реченица во експозето дека од работата на овој Парламент и од нашето однесување ќе зависи и успехот на оваа Влада. На некој начин тоа е еден повик, јас го сфаќам како оној повикот дека сите заедно ако ја сакаме оваа држава, ако сме граѓани на оваа држава треба да дадеме полн придонес за нејзин севкупен развој.

IV/8.-

Од моите укажувања за ова што се случуваше би се задржал на следното, а тоа е дека мандаторот во ниеден момент треба воопшто да има страв, не во буквална смисла на зборот ниту респект ако одредени кандидати кои што со најдобро намера се предлагаат не ги извршуваат своите задачи брзо да бидат заменети со други.

Реконструкции на Кабинетот се позната работа и во тој смисол мојата замерка е затоа што во одредени периоди имавме чувство дека мандаторот или сегашниот премиер, зборувам во сегашната улога остануваше осамен или од мал број на луѓе толку активно ги извртува задачите затоа што ако беше спротивно не ќе ни недостасуваше во моментот еден од министрите на највиталните министерства, не би сакал да именувам, знаете за кој се работи и да остави и мандаторот и Владата во една многу непријатна состојба. Сето тоа барем една зголемена одговорност едно саможртвување кое што сите го рекоа, ќе сметам дека е конечно ќе треба од тука да се појде. Тоа впрочем го рече и во својот говор тука и претседателот на државата дека претстои период на одговорност на борба против митото и корупцијата и што сега можеби беше еден предизвик дека со учество во Владата лесно ќе се збогатуваме и ќе создаваме нешто што не може да се сони.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:(продолжение)

Ако такви изјави, од најкомпетентните личности во државата ги слушаме тука на оваа говорница, сметам дека тоа треба да биде и еден патоказ кон кој треба сите да се стремиме и да ни биде, на некој начин онаа светла точка, како што рече почитуваниот претходник, во оној темен тунел во кој што се уште излезот не е навидум.

Имам забелешка дека неоправдано се доцнеше цели 20-тина дена, да во последниот миг мандаторот ја соопшти Владата, затоа што во предизборието еден од аргументите за позабрзани избори беше токму тоа што побрзо да имаме Влада што ќе може пред Божиќните и Новогодишните празници да контактира, да биде активна и склопува договори со сите меѓународни институции. Од причини што веќе тука ги слушнавме верувам дека мандаторот беше доведен во состојба место за 3 дена, како што сите, или 5 дена, очекувавме Влада, тоа и ден денеска тука да го ставаме под одредена диоптрија или призма.

Но, што е тука е, тоа е, тоа помина. Чудни разместувања во Владата. ДА веруваме дека желбата на мандаторот е да има што поквалитетен тим и дека сите тие играчи тоа ќе го правдаат со својата работа.

Имам свое видување што значи една резерва дали ќе можам да дадам глас за Влада во целина, затоа што тоа е во пакет иако ќе ја изгласаме денеска, не се сомневам во тоа, ако во таа Влада нема хомогена работа, ако нема тимска работа, ако нема почитување, а разноликоста и спротивставените мислења да останувaат внатре во тие кабинети, во тие простории.

Не можам да се согласам со несогласување со заклучоци на Влада, јавно изнесени, не можам да се согласам во Владата да членуваат министри кои дење тука се министри, а ноќта се илегалци во Тетово и слично и други краишта. Сметам , една таква доверба не ќе можам да дадам.

Не можам да дадам свој глас за министри во Владата кои како членови на странски делегации одеа по Европа и го попречуваа признавањето или зачленувањето на Македонија во ЌЕБС кои лесно губеа контрола, па дури си дозволуваа и да манипулираат и со овие микрофони тука.

Се поставува, исто така, прашање дали националната припадност во Владата треба да подразбира и монопол на една партија, таа да го условува сето тоа со свое учество во Владата, не водејќи воопшто сметка за бројноста на сите пратеници во овој Парламент.

Сметам дека Владата мора да има соодветен национален однос. Има прекрасни луѓе во Сојузот кој победи во сите градови, прекрасни луѓе Албанци кои лично ги познавам од типот на Абдула Војнику, на Абдула Адеми, на Фарук Омери и слично и сметам дека Сојузот со еден таков избор ќе можеше да го учврсти Сојузот, а не да бидеме практично тука сведоци на едно маратонско договарање и условување. Се прашувам што ќе треба да следи или кои отстапки понатаму ќе треба да се прават, затоа што едно вакво учество подразбира и одредени отстапки. Сметам, дека веројатно имаше многу подобри решенија и мислам дека во сето ова една работа повторно се провлекува.

Ние, и како Демократска партија на Македонија и како граѓани од тие подрачја и лично и пошироко укажувавме на неопходноста во претходната и оваа Влада партиципираат Македонци од западниот дел

на Републиката. Меѓутоа, се потврди повторно дека подрачјето Тетово-Гостивар, Кичево - Дебар и Струга практично нема министер во оваа Влада. Не поради тоа дека оваа Влада треба да биде составена со претставници од сите 33 градови во Републикава, едноставно од практични причини во Владата, во Министерствата и во овој Дом да се чуе вистината и од другата страна, затоа што досега и од сега од таму вистината само еднонасочно ќе биде пренесувана.

Исто така, сето има свое влијание практично да дојде до задоцнета интервенција во форма на превенција на Владата во однос на Албанскиот Универзитет, ги покажа сите свои негативности. Сметам дека за вакви клучни, сериозни прашања, кои што , како сака нека ги наречува министерот за внатрешни работи, сепак се многу сериозни отколку некаков хепенинг или слично. Многу се сериозни, затоа што практично сценариото од Косово се пренесува во Тетово. Сето она што го видовме во саботата , не е ништо друго, туку едно веќе видено сценарио со триумфален завршеток, со два кренати прста што значат победа. Победа над што? Победа против законите, Уставот, победа на нешто свое или пак еден сигнал дека на тие простори веќе владее паралелна власт, паралелно образование и паралелен систем?

Се прашувам, зошто не се почитуваат одлуките и решенијата на Министерството за внатрешни работи за собирање и слично?

Верувајте дека сето тоа остави една длабока трага во меѓунационалните односи, дотолку повеќе што народот е разочаран од институциите на системот. Народот не бара пресија, народот бара да се спроведуваат Уставот и законите, а се знае кој е надлежен нив да ги спроведува. Впрочем, ако не сме подготвени една одлука и едно решение и тоа од едно такво Министерство да го спроведуваме,

воопшто не мораше да донесуваме такви парцијални, би рекол палиативни и времени одлуки.

Сметам дека моментот во кој се наоѓа оваа Република на стопански план, многу убаво го елаборираше Љубисав Иванов. Политичкиот дел е многу покоплициран и многу потежок. Се случуваат многу важни работи во целиот свет на Балканот и на оваа крстосница, на- речена Македонија. Сите мислат дека сега е оној правиот момент ако може да се грабне повеќе, да се врати историјата наназад и да се врати Македонија таму каде што некогаш не постоеше.

Ова се се сериозни прашања на кои ќе мора час поскоро Владата да се фати во костец. Сметам дека ова се крупни и политички прашања за да се одоговлекуваат, и сметам дека воопшто нема теми, нема прашања за кои што ќе викаме дека не е сега време да ги оставиме за тре. Час поскоро сметам дека ќе имаме  и поинакво разбирање и подобри односи и се она што значи солидни меѓунационални односи. Меѓутоа, декларациите што веќе пристигнуваат од странски земји во знак на поддршка на универзитет укажуваат на нешто друго, дека тоа не е ни малку наивна работа и да не се тешиме со тоа дека тој универзитет не го признаваме, кој ќе го признае, кој ќе верификува дипломи и слично. Состојбите се многу посериозни затоа што овој универзитет го претставува темелот, стожерот или онаа крајна алка која што конечно треба да ја затвори идејата, оној сон за голема Албанија и слично. Мерсим Положани го нема тука во Парламентот, иде- ата или идеите .остануваат и само се унапредуваат.

V/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Собранието на Република Македонија денеска треба да се определи за избор на нова Влада и со тоа да го заокружи процесот на конституирање на законодавна и извршна власт по одржаните втори парламентарни повеќепартиски избори во Републикава.

Неспорно е, таквата одлука е мошне важна и одговорна, особено денес во мошне сложените состојби во Републикава. Имено, само привиден е впечатокот дека донесувањето на оваа одлука е олеснето со самиот факт што во споредба со политичката структура на Собранието во претходниот мандат сега во него, коалицијата на Социјал - демократскиот Сојуз, Либералната и Социјалистичката партија изразени преку Сојузот за Македонија имаат пратеничко мнозинство во Парламентот, бидејќи таквата позиција на овие партии носи со себе и зголемена и јасно лоцирана одговорност за идниот развој на државата, за понудените и преземени обврски пред граѓаните во изборниот процес.

Соочени со мошне сложените економски, социјални, меѓунационални состојби во Републикава, при тоа со натамошна економска политичка блокада врз државата, врз нејзиниот економски развој и на целосното меѓународно признавање граѓаните оценуваат дека ова време е полно со ризици, неизвесности, дури опасно заради присутните воени жаришта во опкружувањето. И, затоа со посебен сензибилитет и загриженост го следат изборот на Владата, кои министри ќе бидат и колку таа ќе има потенцијал да се соочи со проблемите.

V/6.-

За тоа придонесе, до некаде и целиот досегашен тек на процедурата на избор на Владата и настаните и односите што таа постапка ја следеа имаа влијание врз неа.

Како што видовме мандаторот предлага политичка коалициона Влада врз широка основа како можно решение и како приближно реален однос на односите и позицијата на политичките партии во Собранието што го сочинуваат Сојузот за Македонија, при што како политички став и израз на взаемен реален интерес и однос вклучува и претставници на Партијата на демократскиот просперитет во составот на Владата.

Секако дека ќе се сложите дека формирањето на коалиционата Влада како политички процес, а кога го имаме и нашето краткотрајно парламентарно искуство покажа дека е мошне сложен и во составувањето, а уште повеќе во обезбедувањето на стабилноста и хомогеноста на Владата, врз усогласена и јасна програмска определеност. Во овој процес ова посебно го подвлекувам, секој коалиционен партнер ја покажува својата демократска зрелост преку способноста да соработува. Всушност, не е на одмет да потсетам на некои наши заеднички слогани во изборниот процес дека сме единствени и решителни да го продолжиме започнатото, дека сакаме мнозинство во Парламентот за да обезбедиме стабилен и ефикасен Парламент, стабилна и ефикасна Влада и дека здружение заедно се посилни и посигурни во остварувањето на вистинскиот пат на идниот развој на државата.

Не сакам да верувам дека сето тоа уште во почетокот на овој мандат е доведено во прашање, а уште помалку дека нема да биде и единствена и заедничка определба во целиот овој мандат околу која како што ветувавме ќе се бориме да ги обединиме сите патриотски и демократски сили во државата. Поаѓајќи од тежината на овие времиња

во кои живееме, сметам дека вклучувањето на секој граѓанин и посебно на политичките партии во политичкиот процес на разрешување на сложените состојби претставува, пред се, патриотски однос. Затоа, Социјалистичката партија на Македонија верувам и сите други партии учеството во Владата го прифатија не само како политички однос и одговорност спрема избирачите, туку и како реална обврска кон сопствениот народ и држава. За нас социјалистите е сосема очекувано што мандаторот во експозето за состав на новата Македонска Влада и за темелните и глобални одредници за идната програма на Владата тргнала од веќе донесените политички и уставно правни акти на ова Собрание што имаат историско значење за конституирањето на Република Македонија како самостојна и независна држава. Од вредносните процеси на демократското општество и пазарната економија, од развојот на економскиот и политичкиот плурализам, нагласувајќи ја битката за целосно меѓународно признавање на државата како битна претпоставка за наше вклучување во современите меѓународни демократски и цивилизациски процеси. Со тоа, мандаторот го изразува своето опре- делување на идната Влада и за прифаќање на обврските од Македонскиот Парламент и почитување на неговите достигнати позитивни вредности.

Едновремено, во своето експозе, истакнувајќи ја универзалноста на причините за стагнација на развојот мандаторот ја потенцира и спремноста за прифаќање на започнатите радикални промени со цел за изградба на еден нов, современ, економски , политички и правен систем. Според нас, тоа се вредносни определби на пазарно ориентиран пристап за ко:ј се определува мандаторот во името на Владата. А, истовремено и како секој човек во оваа држава, секој кој е свесен за тешкотиите и последиците што ги остави долготрајната криза за опасниот вртлог на

инфлацијата и посебно осиромашувањето на граѓаните и дека е време на важни политички и државни одлуки.

Но, секако со емоции, колку и да се силни, кризата не може да се реши, туку со смисла на национална стратегија од која треба да произлезат и конкретни програми како задачи и обврски на идната Влада. При тоа, не би биле социјалисти кога не би се залагале социјалната компонента да биде нагласена во оваа програма, а со цел да се овозможи нејзина што поширока, што поголема проодност како и обезбедуваше на средства за социјална сигурност на граѓаните. Ова е неопходно бидејќи е познато дека релаксацијата на проблемите во социјалната сфера и без нивно пермаментно следење секоја реформа може да биде доведена во прашаше. Кај нас и во овој случај тоа не би смеело да се дозволи бидејќи би се довеле во прашање не само целите и задачите на стабилизационата политика, туку и стратешките државни и национални интереси и цели од чија реализација зависи иднината и просперитетот на нашето општество.

Затоа, како заклучок, по наша оцена понудениот пристап е реален, но оценуваме дека не им недостасува и потребниот оптимизам за што верувам дека тој постојано ќе биде присутен кај членовите на оваа Влада во вид на елан и самопрегорност.

Неспорно, изборот на Владата во овој момент е тешка и сложена задача. Меѓутоа, би повторил дека не постои таков избор кој може да ги задоволи сите критериуми од страна на секој поединец. Не ќе може ниту овој избор сите подеднакво да не задоволи. Но, имајќи ја предвид големината на влијанието на одделни партии врз изборот на членови на Владата и посебно мандаторот, ќе ја оценуваме и големината на нивната одговорност. Меѓутоа, мора да потенцирам дека вистинска претпоставка за нејзино успешно дејствување како коалициона Влада е обезбедување

на меѓусебна доверба меѓу партиите во коалицијата. Исто така верувам дека крајно сложените состојби во Републиката и опасностите што сеуште се присутни ќе бидат доволна причина Владата да добие поддршка и од партиите што не учествуваат во неа, кои се надвор од Парламентот, затоа што интересите на државата и разрешувањето на егзистенционалните потреби понатаму никој нема да може да ги заменува со дневни потреби или теснопартиски интереси. Така што мора оваа наша Влада да има реши- телен однос и став за сите случаи кога членови на Владата јавно се дистанцираат за одредена нејзина политика, а сепак остануваат членови на Влада. Или, кога се јавуваат како носители или поддржувачи на одредени противуставни или противзаконски активности, а не поднесуваат оставки или за нив не се покренува постапка за разрешување.

Во тој контекст и врз овие принципи предлагам мандаторот, а верувам и партијата на која и припаѓа предложениот и оспорен кандидат за член на Влада од страна на Пратеничката група на Либералната партија, објективно и реално да ги проверат и оценат наодите и заземат став за конкретниот чин и однесување и верувам дека врз единствени заеднички прифатливи критериуми ќе дојдеме и ќе дојде до јасен став и одговор на поставената дилема што во овој момент во Собранието е присутна.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Имено, секое друго избрзување, кршење преку колено, се плашам да не биде оценето како замена на тези, односно поводот со причините за не подржување на изборот на Владата од страна на пратеничката група, Либералната партија, што верувам ќе се сложите неизборот би можел да има сложени политички и други последици врз вкупните односи во Републиката. Сакам да верувам дека ниту мандаторот, ниту партиите кои стекнаа одредена предност не ја оценуваат таа како некоја извојувана победа, бидејќи тие дури сега ќе бидат оценувани низ решавање на комплетни задачи во иднина и чекори кои ќе ги прават.

Мандаторот ако изгради еден правен критериум односно ако изградил прави критериуми за избор и соодветен пристап, не можел да може да се раководи од парцијални и партиски интереси. За нас социјалистите битно е Владата да биде спремна за дијалог и соработка, да знае и тој за кадри и експерти, а со тоа и за отвореност спрема партиите во Парламентот, но и контактите надвор од него. Со други зборови Владата и воопшто треба да се соберат сите сили да и се помогне на Владата да направи исчекор од оваа тешка и сложена ситуација. Врз овие верувања ја темелиме определбата на нашата пратеничка група и на Социјалистичката партија за поддршка на составот и Програмата што мандаторот ја изнесе за идната Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Ова што денес отворија дискусија некои од нашите коалициони партнери би сакал во контекст на тоа да изнесам едно свое видување.

VI/2

Изборот на нова Влада треба да биде само завршница на изборната победа на Сојузот за Македонија, но и старт на реализацијата на нашите изборни ветувања.

Второ, благодарение на договорот без поголеми потреси и меѓусебни консултации е конституирано Собранието и избран претседателот и неговите комисии, а на чело е човек што ја имаше поддршката, пред се, на Социјал демократскиот сојуз.

Понатаму, не треба да заборавиме дека без поддршка на Социјалдемократскиот сојуз како најсилна партија во Собранието се пристапува кон формирање на Влада во која треба да учествуваат и претставници на албанците на Македонија со места и распоред на ресори пошироки понудени, кој е несоодветен на политичката партиска моќ на ПДП меѓу албанските избирачи во Македонија. Од овие 3 предуслови, стабилноста во парламентарното решавање, владеењето на Владата и конечно свртување кон реалните проблеми на животот и стопанството, може да се оценува и флексибилноста на мандаторот на состав на Влада во која мораше да води сметка и за интересите на коалиционите партнери За мене тоа е политичка Влада од која сега не може поединечно или како делови на еден изборен сојуз да се дистанцираме, префрлајќи ја одговорноста само врз премиерот или Владата, а ние да бидеме заштитени како партија или поединци. Секој од нас поединечно и лично е одговорен, пред се, избирачите кои веруваат дека можеме брзо и ефикасно да решаваме проблеми. Тоа што до последен момент не се знаеше составот на Владата не е некоја силна легитимација дека сме подготвени на ваков начин да раководиме со државата. Мора да се чуе гласот на оние наши критичари кои ни забележуваат дека премногу сме окупирани со своите лични интереси кој што ќе добие во и од Владата, одошто водиме сметка за проблемите на народот. Ни претстои период во кој не е важно да се обезбеди и сочува слободата, лична и индивидуална, слободата на претприемачката

иницијативниот и на пазарот , но и од редот и поредокот. Слободата и поредокот постојано ќе бидат во судир. Мислам дека е важно луѓето, граѓаните да се чувствуваат безбедно. При тоа, не може да се има два аршина за одделни личности, па и припадници на партии. Изгледа нелогично сегашните и идни министри да се потикнувачи или иницијатор на идеи и зафати што се во спротивност со уставниот поредок на Македонија. Ова не е време на изборна трка, па сега со кокетирање и додворување на избирачите да треба да се добие нивната поддршка.

Како може членовите на ПДП кои се кандидати за Владата, која пак е должна да ги извршува законите да остваруваат законитости, ред и поредок во државата, токму тие членови на ПДП со политичката агресивност да ја поддржуваат и да учествуваат во реализацијата на идејата за универзитет на албанциет во Тетово. Ако Владата оценува дека тоа е противуставно, значи дека и тие министри што не спроведуваат или се обидуваат да го релативизираат овој чин на беззаконие, се дирекни иницијатори на башибозлукот во државата. Е, така не се прави, господа држава.

Мислам, исто така на крајот по експозето на премиерот да се произнесам дека, на крајот експозето на премиерот како владина програма се уште не дава гаранција за подготвеноста на Владата да направи ефикасна администрација и државна управа, која не ќе биде извор и стимулатор на корупција и мито. Колку повеќе тоа се множи и растат овластувањата, толку повеќе во државата таа станува вонинституционален механизам кој не може никој да го контролира. Затоа, законот и Уставот е пред нас и имаме една одговорна улога пред граѓаните и избирачите, господа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Османи.

**РУЈФИ ОСМАНИ:**

Дами и господа, јас ќе изнесам некои свои опсервации односно размислувања во врска со чинот на конституирање на новата Влада. На стартот јас мислам дека играта што изгледа овде се сака да се наметне во смисла на некоја си опозиција во составот на Сојузот реално гледано не држи и не би требало да ја играме таа игра. Ако ги добивме изборите а ги добивте вака во огромно мнозинство редно е и да ја сносите одговорноста , односно се со тоа што оди во смисла на позитивни резултати, остварувања на програми итн. Мислам дека реално ако отсега почнуваме да играме таква игра, лично за мене без некои погрешно сфаќање тоа ќе биде само игра без сржта односно суштината. Кога се анализира, т.е. анализирајќи го актот на конституирање на Владата, јас би рекол дека ние како парламентарци во старт сме хендикепирани од причини што да имаше експозе на премиер и тоа да имаш време да го анализираш еден час или два часа е доволно да се дадат некои суштествени опсервации односно забелешки во смисла на она што е концепт, во смисла на она што е цел, во смисла на она што е програма, која би требало да се остварува во текот на мандатот кој претстои. Но, независно од тоа, имајќи предвид дека почвата на таа Програма е во стабилизационата програма, јас во експозето на премиерот имам овде некои работи назначено, не слушав некои вака дополнителни мерки или дополнителни нови сознанија и искуства, кои ќе придонесат таа стабилизациона програма да се подобри, односно да се отклонат тие дефекти, кои објективно постојат во истата или не се остваруваат. Но, да почнеме со ред.

Имено, под прво, мерките кои ќе се преземаат со цел да се ублажат високата макроекономска нерамнотежа изразена преку високиот пат на општествениот производ, големата невработеност и големиот пораст на сивата економија, од страна на премиерот ништо не слушнавме во таа смисла.

Второ, дали да кажеме е обезбедена или ќе се обезбеди екстерна финансиска помош, особено за консолидирање на банкарскиот систем, елиминирање на нараснатите дефицити, како резултат на големите неизмирени обврски како од внатре, така од надвор. И во оваа смисла јас лично ништо не слушнав ниту пак прочитав во експозето.

Понатаму, дали на мерките кои би требало да се преземат со цел да се оствари реализација на дел од стабилизационата програма, а која се однесува на големите буџетски потрошувачи изразена преку јавната потрошувачка, т.е. потрошувачка која е конституирана за еден друг систем, кој веќе не постои, а од друга страна во маса и обем се уште троши средства, имајќи предвид дека изворите за тие намени се многу ограничени.

Понатаму, нема дополнителни мерки кои ќе го ублажат проблемот на девизните штедачи. Молам, проблемот на девизните штедачи е еден голем проблем кој и тежи многу на оваа држава и кој пак директно од своја страна го става под знак на прашање моментот на штедењето, иако истиот момент е убаво спомнато таа стабилизациона програма, кои би требало да биде еден од главните извори за финансирање на новиот развој. Ако луѓето немаат доверба во банкарскиот систем односно во државата а тоа е вистина од причини што истата држава не наоѓа сила т.е. не предлага мерки да им ги врати нивните пари, се поставува прашање од каде пак ќе ја базираме идејата односно она за што се стремиме да создаваме ново штедење кај граѓаните. Мислам дека во оваа смисла ништо ново од ова што досега се знае.

Понатаму, многу интересна е формулацијата со конкурентниот курс со цел за стимулација на извозот, да не испадне како досега, господа, стабилниот курс да биде само рефлексија на надворешните цени додека пак внатрешните цени во просек , како што рече и самиот премер, се некаде за 50% поголеми да кажеме од курсот. Што тоа значи  за

економистите мислам дека тоа е јасно, тоа значи директни загуби на извозниците и директна дестимулација за избор. Мислам дека во оваа смисла не слушнавме ништо ново по однос на тоа што е досегашна практика. А хармонизацијата на курсот на денарот, значи внатрешните и надворешните, од многу битно значење, имајќи предвид големиот надворешен долг што РМ го има.

Понатаму, јас овде ќе изнесам некои свои констатации во смисла на она што е изрека и од страна на премиерот, во печатот, па и овде го искажаа дека ова е Влада на континуитет. Навистина така би испаднало, имајќи предвид дека и со оваа Влада раководи истиот мандатор, дека има да кажеме веќе две години искуство во работа, но кога ќе се анализираат акробациите кои се прават, префрлувајќи да кажеме скоро 7 министри кои раководеле, да бидеме точни сега, да не испадне дека солиме демагогија, да кажеме кои раководеле со ресорот за одбрана, за приватизација, за развој, култура и координаторите на Владата, сега пак истите луѓе останувaат во Влада, но раководат со други ресори. Многу интересен феномен. Една е логика, ако се работи за стручни и компетентни особи, што јас нема да се впуштам во тоа, тие би требало по правила на работите да продолжат да раководат со истите ресори со цел да ја докрајчат работата што ја почнале. Или обратно ако се работи за луѓе кои не покажале резултати, логика на работи би требало да си одат. Сега кај нас се случува овој феномен што луѓето се тука, но сега раководат со нови ресори, а згора на тоа кога ќе им се додадат уште 8 нови министри значи се работи, јас лично и за мене, за Влада на дисконтинуитет. Пошто во суштина, суштината е битна, а не формата, барем јас така размислувам.

Понатаму, ќе дадам некои свои лични размислувања за предложените кандидати, и мислам дека позитивно ќе бидам сфатен, не навлегувајќи во она што е нивна лична работа и личен живот.

На новиот министер за финансии како компетентна особа му пожелувам на сите недостатоци кои се вовлечени, особено во фискалниот систем од неговиот претходник да ги отклони навреме, додека пак секторот за приватизација кој досега го водеше да го следи вон работ- но време, да не се случи истиот да остане на пола пат.

На новата министерка за образование сериозно да се зафати за проблемите на албанците во образованието и да предложи решенија со кои високото образование на албански јазик ќе се институционализира во системот.

Понатаму, доаѓаме до незаменливиот министер за полиција кој патем е доктор на правни науки , а без навреда, јас би рекол доктор на репресивни науки, пак се предлага да го предводи ресорот за полиција. Толку успешно истиот раководи со таа функција што единствено знае да дава усмени налози, иако е премногу писмен за тоај ресор никако да пишува писмени налози, така што неговите полицајци рушат се пред себе. Затвораат недолжни граѓани, затвораат приватни куќи како што е случајот со Тетово и Куманово, претресуваат станови и куќи оставајќи трауматични последици и секогаш без напишан налог. Кога за овие дејствија реагираат набљудувачите на ЌЕБС одговорот е не е вистина не сме дале такви наредби. И сето тоа во име на правна држава и Устав, а при тоа ограничувајќи им го на луѓето елементарното право на слободно движење и информирање , кршејќи ги драстично при тоа сите правни норми на оваа држава и сите меѓународни акти за човекови права на кои Македонија е директна потписничка или посебно преку бившата СФРЈ. А, особено, при тоа, кршејќи го членот 26 од Уставот кој само ќе го потсетам пошто истиот е коафтор на тој Устав, се гарантира неповредивоста на домот. Нормална е работа ако исклучиво постои судска одлука итн. Ова го кажувам од причини што една политичка одлука на Влада не може да ја суспендира третата власт, а тоа е

судската како што е случај во оваа прилика. А при тоа првиот полицаец секогаш усмено да потврдува дека е тоа во склад со Устав и Закон навистина многу, па било да е тоа од еден шегаџија кој се шегува со животот на луѓето, а претендира да се шегува и со волјата на целиот народ, можеби без навреда, халуцинира некој американски фил со хепиенд во кој тој ја игра главната улога. Значи, од една страна полицијата применува мерки кои се во директна спротивност со правните норми на оваа држава и меѓународните акти за човекови слободи и права, додека пак од друга страна редовите за издавање на најелементарни документи никако да се намалуваат, наспроти тоа секогаш се зголемуваат.

Се поставува прашањето , интересна појава од една страна голема продуктивност ан репресија, додека тотална анархија во работите кои треба да бидат сервис на граѓаните.

Имајќи предвид дека првиот т.е. министерот за полиција ќе ни биде истата особа, репресијата ќе ни биде најголема мера сервисирана од негова страна и од министерството со кое тој раководи и во мандатот на оваа Влада.

**РУФИ ОСМАНИ: (**Продолжение)

Не останува ништо друго него, што се однесува до ова Министерство да си честитаме и да ни биде со среќа.

Кога се во прашање албанските парципиенти во Владата, најпосле паднаа сите маски, сцената е јавна. Во претходната влада коалиција без платформа, изгледа им беше интересно да ја осетат сласта на власта. Сега пак коалицираат пак без платформа, онаа која здушно им ја нудеа на своите гласачи, но сега цената е во фотелјите кои ќе ги заземат, мино нивната парламентарна моќ, што вака реално гледано многу објективно и некои други дискутанти го кажаа, но дека пак изгледа програмските определби се работа што ќе и припадне на идните генерации. Коалицираат во влада која за една хумана и цивилизирана иницијатива одговара на најбрутален начин, додека албанските министри измислија интересен институт, дистанцирање односно оградување од ставовите на сопствената влада во која учествуваат. Што да се рече? Навистина се оригинални.

Господа, се знае. Или се партиципира, а со тој акт се сноси одговорноста за неуспесите или пофалбите аз резултатите, или се дава оставка. Нешто измеѓу не постои.

На крајот испадна една голема вистина, пошто јас лично сум бил убеден и со време, без погрешно да бидеме сфатени дека големиот сојуз за Македонија не е составен само од три партии туку од четири партии.

На крајот би рекол уште неколку работи во смисла на се она што убаво ни звучеше во експозето од страна на премиерот што беше поднесено, а таму каде што е поглавието за меѓунационалните односи

односно меѓуетничките односи навистина имаше многу убаво за уво односно се слушаа многу убави зборови, но јас никако себеси да се убедам дека сето тоа што убаво е кажано и напишано никако да се проектира и да се реализира преку конкретни проекти, преку конкретни закони Господа, мислам дека е крајно време грабализмот да го оставиме, да остане во историјата. Сите тие убаво кажани работи ако навистина се стремиме да ги оствариме, треба да ги операционализираме, да не создаваме вештачки тензии од работи кои можеме да ги решиме преку системот како што е случај со Универзитетот и во тој контекст случајот со универзитетот да би можело да се каже дека е сценарио од Косово, но од друг аспект, од аспект на реакција на полицијата, ве молам. Изгледа дека некој сценарија што таму се применуваат некој сака да ги инсталира овде, па после самиот себе си да се чуди дека сето она што се случи не било така како што се предвидувало. Во таа смисла да не должам на оваа влада, да завршам. Имајќи предвид дека сигурно изборот на Владата ќе се обави, изгледа дека овие луѓе што ќе ја водат оваа влада и овој народ се предодредени од бога, односно алах да го водат, па јас им пожелувам успех имајќи предвид дека имаат огромно парламентарно мнозинство, па можеби тие се спасителите на оваа држава. Нека им е со среќа.

**РАМИ ТУДА:**

(Зборува на албански јазик)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте на македонски јазик да можеме да ве разбереме.

**РАМИ ТУДА:**

Само сакав еден поздрав. Значи и тоа немам право. Тогаш што претставувам јас на овој Парламент кога немам право да отпоздравувам на својот јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие сте пратеник во Парламентот на Република Македонија и повелете да зборувате.

**РАМИ ТУДА:**

Со посебно внимание го следев експозето на господинот мандатор Експозето опфаќа широк делокруг на витални проблеми на нашата држава. Имам впечаток дека експозето многу ветува, а тоа ми дава повод да се сомневам во самото реализирање на предвидувањата. Од друга страна експозето има еден важен недостаток по мое мислење.

Ќе апострофирам еден акутен проблем кој треба да се решава во овој миг, бидејќи времето не чека. Имено се работи за следното:

Мандаторот требаше да посвети посебно внимание на опфаќањето на Универзитетот на албански јазик во Тетово и тоа во склопот на образовниот систем во Македонија. Тоа е животна неопходност за албанците. За решавање на овој проблем на тој начин ќе се докажеше дека претседателот подеднакво мисли и ги третира своите граѓани. Барам тоа прашање да влезе во програмата, со цел Универзитетот на албански јазик да има посебен третман за решавање во самиот систем на образованието во Македонија.

Во текот на минатиот мандат албанскиот народ во Македонија доживеал неколку драми. Да ве потсетам: Радолишта, Бит Пазар, Дебар и други групни и фамилијарни драми и индивидуални драми и други немили догаѓани, како што се и овие последните во Тетово.

Министерството за внатрешни работи односно полициските органи продолжуваат со репресии, приведувања, притвори, закони, претреси, а посебно овие се имплицирани по повод на свеченото отворање на Универзитетот во Тетово. Имено, сето тоа е насочено против членовите

на Советот на Универзитетот и другите интелектуалци кои се ангажирани со оваа света образовна дејност.

Репресивни мерки се применуваат и на приватните радио и ТВ станици на албански јазик кои даваат информации за Универзитетот во Тетово, иако, колку што ми е познато во Уставот на Република Македонија, член 6 параграф 7, цензурата е забранета.

Проблемите на образованието на албанците во Македонија не можат да се решаваат со репресии, туку со демократски средства и со цивилизирани методи. Реалните животни потреби за образованието на албанскиот народ во Македонија не треба да се ограничува со тоа што во процесите на ново формираната држава како самостојна со меѓународно правен субјективитет, максимален придонес дадоа и албанците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам повикувањето овде на говорницата да не се злоупотребува. Служете се со термините кои со Уставот се дефинирани. Ние овде албанците ги знаеме какoнационалност. Кога ќе се промени Уставот или кога ќе се даде предлог за тоа, некаде каде што ќе се расправа, тогаш може.

Има збор господин Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

(Говори на албански јазик)

(Реакција од страна на пратениците во Парламентот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам држете се до деловникот. Немојте да го злоупотребувате

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Говорот ќе ми биде на македонски јазик, господине немојте да се нервирате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте вие со никого да полемизирате.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Ако сакате вие после мене излезете на говорница и кажете се што имате. Според досегашниот деловник мислам дека ние имаме такво право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловникот овде го толкува претседателот на Собранието.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Ние на оваа седница треба да се произнесеме како пратеници за предложената листа за составот на новата влада од страна на мандаторот.

Водејќи се работи за едно многу суштествено прашање од кое ќе зависи наредната политика на државата, било на внатрешен или на надворешен план, јас би сакал да напоменам пред овој Парламент дека во досегашниот мандат на господинот Црвенковски се водела една некоректна политика спрема албанците што многу ги оптоварило меѓународните односи во оваа држава. Веднаш кога се назначи како премиер на Владата господинот Црвенковски после два месеци се случија Битпазарските настани каде животот го изгубија 4 граѓани на оваа држава. После година дена исто така во месец ноември се случило масовно апсење на група албанци. Според сите околности тој процес бил политички монтиран. Меѓу овие десеторица албанци се наоѓал и генералниот секретар, господинот Митхат Емини кој со своето ангажирање и придонес за создаваше на независна држава Република Македонија бил ангажиран до максимум а на крај добил нешто што човек не може да го замисли.

VII/6

Во последно време, пред неколку- дена имаме физичко однесува&е на полицијата во соработка со Министерството за градежништво и урбанизам каде е рушен објектот кој беше наменет за одржување на наставата на студентите од тетовскиот универзитет.

Исто така има уште многу работи, икс проблеми со кои се соочува албанскиот народ. Јас би сакал да изнесам и еден факт а тоа е дека пред два месеца во Куманово се случи масовно тровање на деца од Гимназијата Гоце Делчев, не ја знам точната бројка, а за овој проблем Владата уште се нема произнесено ниту имаме информација кои се причините за еден таков немил настан, а кога се работи за некои други проблеми Владата со своето Министерство за внатрешни работи веднаш реагира и прави се што е во спротивност со интересите на албанците.

Бидејќи во експозето господинот мандатор изнесе некои работи што се многу коректни, па може дури да се сметаат и како постулати за стабилност и сожителство во оваа држава. Меѓутоа се поставува едно друго прашање, колку се почитуваат овие убави зборови изнесени од оваа говорница. Сите знаеме дека стабилноста и мирот во Републиката претставува интерес за сите нас. Па кој е одговорен, господа, за стабилноста и мирот во Републиката. Да не се граѓаните. Јас мислам дека не се граѓаните. Тоа се Владата и другите државни органи кои треба да обезбедат мир и спокојство за сите граѓани во оваа Република, меѓутоа, за жал, досега тоа не се случило.

Зборуваме за демократски процеси итн. за некои промени во државата, што мислам дека е неопходно за нашите граѓани ако мислиме за перспективата на оваа земја. Пред се ние треба да направиме една пресметка во врска со некои работи кои досега не биле под контрола или самиот орган не сакал да го направи она што го барало времето.

Ние сега слушнавме некои работи во врска со Универзитетот. Јас не би сакал тука да бидам некој Французин или било кој од некоја земја, јас би сакал да бидам искрен.

Кога би се работело за македонскиот народ, за нешто што е во интерес на овој народ јас не би се осудил да зборувам против еден таков акт. Се работи за една институција научна, културна,јазична. Сите зборуваме за сожителство, за заеднички живот. Како може да се гради тоа сожителство кога ние немаме право на образование.

Еден од пратениците на Либералната партија изјави дека досегашниот министер господинот Илијаз Сабриу бил потписник. Јас точно не знам дали тој потпишал или не, ниту ме интересира. Господа ако сакате да знаете јас сум потписник на тој документ и сум пратеник во ова Собра- ние. Ако треба да се преземаат мерки исто така треба да се преземаат мерки и спрема мене, а не верувам дека има албанец кој не го поддржува овој проект. Нема албанец во Република Македонија. Туку, треба да се најде расположение и јас сега очекувам поддршка од македонската интелегенција. Треба и вие како законодавен орган да се солидаризирате со овој проект, а не да го спречите.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, дозволете ми во кратки црти, респектирајќи го вашето време и вашето трпение да го изнесам ставот на Демократската партија на Турците по основ на составот на Владата презентиран од господинот министер Бранко Црвенковски.

Имено во еден период пред да го назначи мандаторот за состав на нова Влада, претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров во согласност со своите уставни овластувања и почитувајќи ги уставните рокови, а се во интерес за поголема поддршка кон мандаторот и неговата Влада, обави консултативни разговори со претставниците на политичките партии кои што го заземаа местото во Парламентот. Од оваа говорница му изразувам благодарност за воведуваше на еден систем кој што овозможува донесување на проекти кои што имаат широка поддршка од сите парламентарни партии. За жал очекувавме дека, поучени од ова искуство г-динот мандатор за состав на нова Влада ќе обави консултативни разговори со сите политички партии кои што го заседоа своето место во Парламентот, мислам дека се 9 на број, не заради тоа што по некои си правила на парламентарна демократија сите од нив треба да партиципираат во власта, туку само заради тоа да се видат размислувањата на поедини партии во смисла што и како понатаму и што и како е постигнато досега. Токму поради тоа, ова дотолку повеќе што г-динот Бранко Црвенковски при составување на минатиот состав на Владата обави консултативни разговори со Демократската партија на турците, во услови кога таа партија немаше свој пратеник во Парламентот. Зачудува фактот зошто таа практика не се продолжи и сега. Ние како партија не гаевме илузија дека со еден пратеник во Парламентот ќе партиципираме во тоа додуше не си и правила на парламентарната демократија. Меѓутоа, искрено се надевавме дека во интерес на внатрешната кохезија, а посебно во интерес на подигнување на рејтингот на Република Македонија на надворешен план во најмала рака ќе се обавеше барем еден консултативен разговор, или ќе ни се понудеше под министерско или некој под секретарско место.

Ќе ве молам токму поради ова дами и госпдоа ја користам оваа говорница и овој највисок законодавен дом да го изразам нашето незадоволство на овој план. Меѓутоа, доследни на определбите дека како политички субјект кој што егзистира на ова тло ќе дејствуваме исклучиво преку институциите на системот и овој пат ние одлучивме да и дадеме поддршка на оваа Влада со напомена дека Владата во овој состав треба да има на ум дека на ова поднебје живее и турска популација, дека има демократска партија на турците со кој што во најмала рака би требало поблиску да се соработува. Ова е во однос на првиот дел.

Во однос на експозето на г-динот Бранко Црвенковски, можам да го искажам моето мислење дека тоа е континуитет на фундаментите на една програма која што е поставена пред две години, се разбира, со приоритетни задачи во наредниот период, мислам, фокусирани на четири линии, а тоа директно колерира, ако не се лажам а веројатно и вие се сеќавате со експозето на претседателот Киро Глигоров на конститутивното собрание, речиси во огромен процент. Единствено што изненадува во оваа ситуација и што е моја забелешка што поедини министри, мислам кандидати за министри на поедини ресори, не се адекватно прераспределени, алудирајќи на тоа дека овде има министри кои што со децении можеби покажувале врвни резултати во одредени области, меѓутоа сега се водители на поедини други ресори. Меѓутоа , и тоа беше очекувано, тоа додуше во последниот дел од своето експозе го кажа г-динот Бранко Црвенковски дека составот на оваа Влада е резултат на некои негови лични согледувања, меѓутоа и плод на консултациите со поедини политички партии.

Во тој контекст јас ги поздравувам и им пожелувам плодна и успешна работа на новата Влада.

VIII/3.-

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претоедателе, господин мандатор, дами и госпдоа пратеници.

Бидејќи ова ми е прво излагаше пред овој состав на Парламентот јас на сите ви честитам на вашиот избор со желба да се постигне едно огромно единство во овој Парламент да може, поготово вие што сте од Сојузот за Македонија да не се посрамотите овде и да не се критикувате вие многу, заради тоа што народот ви даде полна поддршка и мои членови дадоа полна поддршка спротивно на други партии кои спротивно гледаа на нашите мислења, на нашите ставови. Кај вас е и чеканот и наковалната оревот лесно се крши. Според тоа, мислам дека ќе треба да се внимава и јас ви честитам. Бев многу зенетересиран кога ме повика претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров да поразговараме за мандаторот. Му реков дека тоа е формална работа. Ми рече да тоа е формална работа меѓутоа, сакам да воведам една практика, да се консултираат сите политички партии и субјекти. Ние дадовме огромна доверба на г-динот Бранко Црвенковски. Тоа не зависеше од нас, не зависи од мене сега. Меѓутоа, бидејќи сум пратеник сакам да кажам нешто во врска со ова што сум чул денеска овде и она што изнесе преми-ерот за составот на Владата. Мислам дека имам јас морално и материјално право да речам дека учествувавме да не кажам кој процент во изборот на претседателот на Републиката. Според тоа, се гордееме со него. Мислам дека меѓу првиот и вториот круг, сите вие што сте пратеници од Сојузот знаете дека даов насока кај моите бирачи да гласаат за Сојузот, затоа што не успеаа во првиот круг. Имате еден мал дел гласови од роми кои што можеа или да го намалат успехот или да го направат како што е сега. Со тоа тие имаат голема заслуга. Мислам

дисто така дека имам морално и материјално право дека во изминатиот четиригодишен мандат да кажам дека се знаеше политиката на ЦЕР, па според тоа се надевам дека во натамошните свои размислувања ќе го земе предвид и нашето писмо упатено до него, до претседателот на Собранието и до претседателот на државата г-динот Киро Глигоров за одредени работи кои што треба да се видат со по отворени очи, за да не би се спречкале овде.

Сакам да искажам своја огромна загриженост за нашата држава дека ќе продолжат одредени тензии на меѓунационални односи. До кога тоа ќе биде така. Јас сум уверен дека нашите колеги албанци кои што овде зборуваа на албански знаат дека не треба да биде така, односно они знаат дека може да биде и така. меѓутоа, имаме Закон, имаме Устав или ќе го мениме Уставот или ќе ги донесеме законите според Уставот. Откога ќе ги донесеме тие закони тогаш имаме право, односно немаме право на она или ова, ние четири години овде се занимававме со не знам колку закони и не можевме да ги донесеме само заради тоа што едни влегуваа, други излегуваа. Сега чеканот и наковалната се тука, тоа значи да избереме Влада , да дигнеме два прста и лека полека со по забрзано темпо да ги донесеме сите закони да заживее таа држава, да не може некој да си поигрува со неа, да не може да создава нешто што сега создава одредени лица, одредени здруженија и да не зборувам понатаму, ние имаме штрајкови , некои треба да им каже дека не може Собранието или Владата да им дадат пари. Се пофаливме дека имаме големо стопанство дека прво сме мизерни, бедни, па пото дека имаме, меѓутоа се заборавија да се кажат две многу важни работи. Ние заборавивме да ја кажеме онаа вистина уште еднаш ајс ќе кажам дека се наоѓаме во еден голем теснец, во едно многу лошо опкружување. Ние имаме фабрики, имаме работници, имаме капацитети, не можеме да ги

користиме, немаме, пласман, нема од каде да поминеме па да дојдеме до нашиот пазар. Тоа сме го заборавиле за жал, и се додека трае војната во Босна, ние мораме да биде стрпливи, не да удриме лево или десно, па оваа Влада е крива или некоја друга Влада ќе направи нешто. Тоа е едно. И второ, ќе треба да ја потпомогнеме реконструкцијата во нашите мали мозгови, да се однесуваме западњачки, а не уште социјалистички спиеме и си бркаме работи. Ефикасноста мора да биде многу поголема и тие фамозни две, три, пет илјади марки на запад што се заработуваат тука да се заработат.

Би сакал да укажам и на една состојба овде во нашиот Парламент. Би сакал да верувам дека овде од денеска понатаму носители на власта се знае кои се, немојте да мислите дека јас сум бил против Сојузот, но што е тоа е. Успејавте и алал да ви е. Јас би замолил сигурно во програмата што ја прочита премиерот не стојат детали. Тоа се доста интересни работи но тоа е во глобала. Сигурно она што треба да работат ресорните министерства тоа се огромни работи и внатре и надвор итн. Мислам дека Владата не треба да го заборави она што заборави порано. Ако се сеќавате јас овде поставував многу пати прашања каде се парите од Северна Рајна Вествалија. За тоа никој не знаеше да одговори, па дури и страмежливо се молчеше. Сега веќе научивме дека тие се дојдени, тие се земени, тие се во Собранието на Градот Скопје и јас верувам дека нивното трошење ќе биде онакво каква е потребата. Понатаму верувам дека ќе се предложи нешто што би требало да биде измена на законот за помагање недоволно развиените . Тука мора да се гледа сиромаштијата ние многу малку гледаме на нив. Не е важен само центарот на градот. Околината е важна. Да дозволиме некој да живее во околината. Да живее во околината значи да ги има оние услови кои што ги има не центарот, туку приближно на центарот. Но да не должам повеќе, јас имам многу да зборувам денес впрочем, сум за тоа иако

Сојузот реферира дека  сам може и дека сам ќе составува Влада заради општа сигурност во земјата и заради поголем толерантен однос, иако денеска овде имаме спротивности , мислам дека претседателот на Републиката е должен, претседателот на Собранието и претседателот на Владата и вие господа министри да водите сметка за ова мала државичка да се сочува мирот во оваа државичка да можат нашите внучиња и нашите деца да растат по безбедно, а тоа значи толеранција во се и флексибилност, зашто се она што е круто се крши, а сигурно никој од вас не сака нешто да се крши. Само да опстанеме и да дочекаме подобри времиња, веројатно ќе живееме подобро. Јас не верувам дека треба да очекуваме од оваа Влада не знам каков пресврт . Ако во моментот ја знаеме активата и пасивата во Македонија замислете како едно стопанство, многу лошо стоиме. Да чекаме добри времиња меѓутоа, да искористиме се што доаѓа од надвор да се употреби и за реконструкција и за модернизација таму кај што можеме.

Ви благодарам што ме ислушавте, однапред ви честитам и само напред Сојуз за Македонија.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа кандидати за министри. Јас навистина очекував дека ќе има сосема друг тек оваа седница, меѓутоа, пред да почне седницата слушнав дека Либералната партија ќе настапи со свое видување како ги обавила разговорите при предлагањето на своите кандидати во оваа Влада. Многу ми е јасно дека денеска не расправаме за доверба или недоверба на Владата, меѓутоа, имаше и такви дискусии кои понекогаш не наведуваат на тоа како да се расправа за доверба, односно недоверба на Владата. Ние денеска треба да признае- ме дека на овие клупи седат министри кои се уште не се

одговорни ама баш за ништо како кандидати за министри. Што се однесува до употреба на јазикот денеска од одредени пратеници јас по две три реченици многу поодамна сум ги кажал на мојот мајчин јазик, меѓутоа, исто така сум имал големо трпение и кон претседателот на Собранието и еден ден го известив во име на мојата пратеничка група дека почитувајќи го и стариот и новиот Деловник кој беше во процедура еднаш да инсталира, т.е. да монтира техника каде слободно ќе се употребува мајчиниот јазик на овој Парламент точно е тоа дека немав намера и не чуствував потреба како парламентарна група на ПДП да кажеме во детали што сме разговара ле и како сме разговарале со мандаторот при нашето учество во оваа Влада. Тие разговори беа доста интензивни и во последно време во едно тешко време ког анавистина апсолутно не се надевавме дека Владата ќе донесе една таква одлука која навистина демонстрираше сила, т.е. демон стрираше депресија во однос на Универзитетот во Тетово. Меѓутоа, апсолутно не се согласувам и не сакам да кореспондирам со такви кажувања на овој Парламент дека Партијата за демократски просперитет не разговараше многу одговорно и многу интензивно со партнерите со кои сака да формира Влада. Тие разговори се обавени во неколку наврати и тоа разговори кои имаа и своја жештина меѓутоа, во сите тие разговори бевме свесни со сета наша одговорност дека треба да се разговара и да се учествува, за тоа што тоа е наша програмска определба, во институциите односно во системот, во овој случај и во извршната власт.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

И разговаравме доста интензивно и доста опсежно за некои работи кои беа вовлечени во стариот мандат на одредени министри т.е. Владата на Република Македонија и овој парламент. Разговаравме доста и за употребата на јазикот и за медиумите и за локалната самоуправа и за образованието, односно високото образование и средното образовани основното итн. Разговаравме за одредени закони, разговаравме и за одредено толкување односно позитивното толкување на тие закони итн. И таа платформа, ние како што велиме мини платформа, минимум услови за учество во оваа Влада ние ја поднесовме како партија и по се изгледа многу малку оставивме во таа мини платформа отворени проблеми затоа што сметавме дека во од ние ќе разговараме и по натаму и ќе се реализира во текот на времето како што ќе учествуваме во таа Влада односно како што ќе учествуваме во овој парламент.

Меѓутоа, укажувам посебно на Либералната партија дека ние не очекувавме и свесни сме до крај за тоа дека денеска мандаторот ќе излезе со експозе каде ќе пишува определбите на ПДП се овие и да ги прочита тука мандаторот, определбите на СДС партијата се овие и да ги прочита односно на Либералната партија, па на Социјалистичката партија и да се презентира тука едно експозе со четири видувања сосема други и како политички и како економски. Туку слушнавме четири области на видување на мандаторот каде што е економската сфера, каде што е политичкиот систем, каде што е надворешната политика и неговите видувања во однос на меѓународните односи.

Ние очекуваме со сета наша одговорност при учество на оваа Влада дека од сето тоа со помош на министрите веруваме во еден состав во овој состав на министри дека ќе се најде начин, па да се операционализира и експозето односно тоа е еден вид програма на мандаторот, така што со сета наша одговорност ќе придонесуваме да го

дадеме и нашиот придонес за да се операционализира и да се оствари тоа што денеска беше презентирано. Исто така мислиме и понатаму дека се формира политичка Влада, многу партиска Влада. Ние мораме да бидеме свесни до крај дека нашите политички определби, нашите политички убедувања не можат да бидат исти никогаш и како партиципиенти во таа Влада и како партиципиенти во овој парламент. Никоја партија не беше условена од мандаторот дека ти ќе учествуваш во оваа Влада ако се откажуваш од твоите програмски определби што ги имаш како партија. И веројатно тоа би било еден апсурд кога мандаторот ќе бара од одредена партија да се откажува од програмските определби. Меѓутоа, во време кога таа Влада ќе ја врши својата функција, односно својата работа веројатно ќе оствари тоа што ќе го презентира односно што се договара со партиципиентите т.е. партнерите во оваа Влада.

Сите тие кои мислат дека тие што партиципираат во оваа Влада ќе се откажуваат од нивните политички убедувања јас мислам дек тоа е голема грешка или на сфаќање на одредени работи дека ние живееме во еден повеќепартиски систем каде што политичките убедувања остануваат и понатаму. Ова сакам да го поврзам и со тоа неколку пати беше спомнат еден наш министер. Тој не стана министер затоа што го покани мандаторот. Тој ќе стане министер односно кандидат на министер затоа што е предлаган од одредена политичка хартија. И во овој случај од ПДП. И не очекувајте од тој министер да мисли како што мислат министрите од СДС или од некоја Либерална Партија. Тогаш сигурно или непознавање на работи е во прашање, или некоја заблуда.

Ако сакате уште повеќе да се убедите јас можам да Ви кажам еден пример. Што мислите вие, не дај боже Исмет Рамадани да мисли како што мисли политички еден Томислав Стојановски. Ама сто пати ќе велам недај боже. И веројатно нема да мисли затоа што јас и неговите настапи

IX/3.-

и неговите дискусии и сето тоа, и од тоа што го познавам од порано знам дека човекот има голема доза на албанофобија во себе и затоа он ги спомнува тие работи односно ги спомнува од негово гледање. (Господинот Томислав Стојановски реагира од место) И сега веројатно е нервозен и од место реагира...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Ве молам, да не помине ова...

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

И затоа ни јас не сум тој што е ни он може да биде тоа што сум јас.

Со ова јас би завршил. Мислам дека потезот на Либералната партија кој даде ваков тек на сето тоа како што се одвиваше денеска мислам дека е многу погрешна работа. Ова веќе како да сигнализира нешто меѓутоа на крајот, јас сум фер до крај, па на крај краишта тоа е нивна работа, дури и нека се повлечат и со своите министри и од Сојузот и се, меѓутоа, никогаш не се сложувам со тоа дека кога актот односно моментот кога се конституира Владата на таков начин да се настапи пред овој парламент.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ми направи чест колегата Исмет што со дискусијата ме вброи во редот на кандидатите за министри, бидејќи ние денеска расправаме за состав на Влада и имаме експозе. Затоа сум му многу благодарен, меѓутоа не очекувам исто да мислиме колега Рамадани, меѓутоа треба да мислиме за доброто за оваа држава. Ние овде што ги донесуваме законите треба први да се трудиме да ги спроведуваме, Уставот и законите а тогаш кога ќе се променат тука, во овој дом нормално ќе се однесуваме по инаку.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине Стојановски само да" Ве потсетам на претходната седница на овој парламент Вие како пратеник инсистиравте да се расправа за иницијативата за Универзитет во Тетово. Така што Вие и понатаму треба да настојувате таа точка да биде на дневен ред. Ако сакаш испош од Исмет Рамадани ќе го имаш за да биде на дневен ред и тогаш врз основа на тие аргументи ќе раcправаме и веројатно ќе видиме кој колку е поубедлив.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Изгледа сме заборавиле. Јас од оваа говорница не барав да се дискутира за универзитетот туку барав Владата преку своите ресорни министерства да се изјасни визави иницијативата за отворање на овој универзитет. Тоа и во заклучок влезе на минатата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, кога бев избран за независен пратеник на општина Гостивар бев воодушевен сега сум малте не рамнодушен, а поради оптимизмот кој го имам во животот не верувам дека ќе се разочарам. Вашето стрпение беше на измак и гледам дека сите сте нестрпливи, а се изреди цела Западна Македонија на Говорница. Дозволете ми го свое име како независен пратеник и од името на своите избирачи на општина Гостивар, кој би дадоа мандат да ги претставувам на овој парламент како највисоко законодавно тело преку кое граѓаните непосредно управуваат со државата да искажам свое и нивно мислење за составот и предлогот за состав на новата Влада на Македонија.

Навистина, составот на Владата е работа на мандаторот. Со победничката партија, Сојузот за Македонија е државна работа на

мандаторот со ПДП на албанците на Македонија. Јас високо ги ценам интересите на државата, а исто така и интересите на албанците кои се рамноправни граѓани во Република Македонија со сите други, но поради околностите под кои тие врбуваат во предложената влада имам забелешки, поради кои треба да се преиспита нивното учество во Владата посебно на некои од предложените кандидати.

Кога Македонија се бори за својот, така да речам симболично гол живот, тешко притиснато од сите страни, кога нашиот ценет претседател г-динот Киро Глгиоров вложува надчовечки напори за нејзино целосно признавање во многу тешки политички и економски околности г-дата министри албанци, членови на Владата и некои идни членови ја остваруваат иницијативата и преку ноќ, наводно го отвораат унивезитетот на албански јазик во Тетово со што го доведуваат во прашање своето учество во новата Влада на Република Македонија. Таквата Влада секако ја губи својата монолитност, ефикасност и углед. Ги ценам сите аргументи кои се од интерес на државата, мирот и заедничкиот живот, но попустливоста и толеранцијата не се неограничени.

Благодарам. Не сакам да продолжам.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници.

По дискусиите на некои пратеници видов дека некои господа пратеници уште не се ослободени од релитите на монизмот во една улога на проектанти на една рестриктивна и една ретроградна политика кон образованието на албански јазик. Предложената Влада на г-динот Бранко Црвенковски, инаку мандатор иако концепирана како коалициона не може да се третира како Влада со коалициона структура поради коалиционен партиски статус, туку како една кибридна Влада руинирана, па реставрирана во која албанците само партиципираат.

IX/6.-

Реновираната Влада само со неколку нови имиња, во која остануваат некои досегашни и безуспешни, не без исклучок не гледа надеж дека ќе направи нешто корисно за овој народ, а посебно за албанскиот народ кој трпи и чека подобри денови. Задржувањето на еден добар дел од старата структура значи и понатаму ќе се задржи според потребите. Перфидното одбегнување, дозираше или амортизирање на тензиите посебно во областа на стопанството и меѓународните односи кои чекаат конструктивно решавање. Во спротивно би биле дерегулатори на стабилноста. Креаторот на оваа Влада, кој и без тоа нема да е од полза за албанците сето време игнорираше во своите консултативни разговори една легитимна парламентарна партија. Одбегнувајќи така да се соочи со проблемите кои би му се доставиле за решаваше со однапред определени рокови. Тоа доволно јасно зборува и без структуралните проблеми во полза на албанците во владината администрација де оваа Влада ќе биде нова по форма а стара по суштина. Со тоа најверојатно остануваат и понатаму старите форми на политичкото однесување со репресивни примеси, дозирани преку нов случај на битпазар, демонстрирање на полициска сила во случајот на тетовскиот универзитет, приведување и малтретирање на интелектуалци, албанци од универзитет- ски ранг. Паради уривања на објекти и ред други работи.

Образованието како област е лимитирано за албанците, а во културата не е сторено ништо. Дури се попречува со полициски одлуки некои културни активности, како што беше одржувањето на дефилето на културно - уметничките друштва во Тетово што секаде во светот е дозволено пред одржување на фестивали на народни игри и песни.

**МЕРСИЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, само неколку збора да кажам во врска со конституирањето на денешната влада.

IX/7.-

Ќе тргнам од тоа какви беа позициите на НДП во врска со овој процес. Нормално, како и секоја друга партија и НДП претендира и за законодавната власт, па и за извршната власт. Секако, ќе се однесува до извршната власт сосема е сфатливо дека не може да се оди со секоја цена. И затоа тука постојат одредени услови. Тие се:

Прво, првенствено мора таа структура на власта односно фондиторот на таа извршна власт да биде соодветна национална рамноправност односно застапеност.

Второ, операционализација на програмските определби на коалиционите партнери. Секако во таа мерка каде може во одреден период и да се остварува. Како што знаеме, минатата Влада се засноваше врз некој едноставен џентлменски договор, меѓутоа, практиката покажува, иако можам да кажам дека тоа претставува само уникат во современите демократски односи, такви договори односно џентлменски договори завршуваат така што на крај немаме ни џентлемени, а немаме ни договори. Аргумент и повеќе зошто НДП инсистираше децидино да се операционализира работите се следните.

Прво, досегашната пракса во врска со функционирањето на извршната власт покажува дека постои голема диспропорција помеѓу тоа што е декларативно и тоа што е остварливо. Ни од далеку не се остварени ветувањата било пред внатрешната јавност, било пред меѓународните структури итн. тука и исто така мислам и во врска со тоа што е ветено и што е остварено како обврска од страна на мировната конференција.

Второ, Владата не успеа, а по мое мислење веројатно и немаше баш некое расположение да усвои некои важни закони кои според Уставниот закон имаше обврска да ги прифати во рок од шест месеци. Првенствено тука мислам за законот за локална самоуправа и Законот за територијална поделба на Македонија. Тука вината ја сноси сега

IX/8.-

Бившата опозиција која не беше свесна што значи законот за локална самоуправа за централните извори, а исто така дел од вината сноси еден коалиционен партнер кој инсистираше на некои, јас би рекол спорадични работи ако се споредуваат за важноста да беа донесени овие закони. Значи, практично ние имаме Влада со две политики

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Една е за внатрешна употреба, односно повеќе заснована врз рестрективна база, а другата е за надворешна употреба и тоа со атрактивна реклама. Каде се аргументите на ова што го реков. Од нена страна многу убаво се фалиме пред светот дека имаме граѓански, демократски устав од друга страна практично и понатаму настојуваме да ги изградиме институциите врз скоро едно национална база.

Потоа пред светот исто така укажуваме дека во Уставот е регулирано прашањето на употребата на јазиците на националностите, меѓутоа тоа другото, а тоа е не е донесе закон. Тоа до бескрај може да се одолговлекува. Потоа имаме како глава во Уставот која ја уредува локалната самоуправа, меѓутоа ете немаме закон за локална самоуправа. Потоа, имаме образование на мајчин јазик, а немаме закон. И тука навистина не сакам да бранам од министрите албанци. Јас мислам дека ги брани Уставот, членот 4 5 од Уставот е многу дециден и ако можам вака да го цитирам, се вели, дека граѓаните имаат право да засноваат образовни организации по сите степени освен во основното образование, е регулиран со закон. Сепак се јавува прашањето, хроничната болест, каде се тие закони. Во сите држави тие закони многу побрзо се хармонизираат со Уставот. Тоа е прво.

Второ, сакам да кажам дека господинот Сабриу го штити и Уставот и меѓународните конвенции како што знаете конвенцијата од УНЕСКО кое се однесува на образованието, членот 4 и 5 се многу јасни во тоа. А тие конвенции директно ја обврзуваат Македонија врз определбите на Уставниот закон каде директно се прифаќаат тие како наследници на бившата Југославија.

Трето, за да се докаже обврската или потребата за да се вклучи Македонија во најважните меѓународни организации секогаш се играло на картата ако не се оствари тоа, дека ќе има голема дестабилизација во Македонија дури и етнички судири. И врз основа на тоа како што знаете имаме големи жртви и тоа жртви од таа структура на кои место власта да им помогне да ги решаваат виталните, егзистенцијални проблеми таа физички ги ликвидираше само да се постигнат одредени политички цели во врска со надворешниот план.

Четврто, оваа Влада ги затвори некои луѓе кои своевремено некоја гарнитура која исто така е поврзана со оваа Влада ги ангажира за самоодбрана ена структура ако Македонија ќе беше нападната од некој надворешен агресор, за да подоцна истите луѓе ги обвини за тешки кривични дела. Тие и ден денеска се во затвор.

Петто, правната држава се чини перфектно функционира што се однесува до репресијата и употребата на сила, меѓутоа не функционира во стопанството и во приватизацијата на општествениот капитал каде навистина имаме организирана анархија, буквално вака мислам.

Шесто, оваа држава како оаза на мирот се чини дека е и оаза и на хуманизмот, не затоа што има хумани односи, туку и затоа што живее претежно од хуманитарна помош.

Седмо, оваа гарнитура односно креатори на политиката иако тогаш не беа во власта, беа главни креатори во усвојувањето на новиот Устав кој доста ја деградира положбата на албанците во однос на Уставот од 19 74 година. Аргументите се следниве: Во Уставот од 1974 година Македонија се дефинира како држава на сите што живеат тука спомнувајќи ги сите народи и народности, тогашни, кои живеат во

Македонија. Второ, членовите од 177 до 183 многу се децидни и гарантираат потполна рамноправност на народите и народностите, нивните јазици, школството итн. Уште повеќе треба да се каже дека со таквиот Устав ние сме имале таква локална самоуправа која ги надминуваше стандардите на Европската конвенција за локалната самоуправа. Сега локалната самоуправа не постои воопшто.

Загрижува што во овој Парламент не постои опозиција, може некој да глуми дека тоа е опозиција, меѓутоа тоа не може никако да биде опозиција. Нема на жалост ни кој да покрене доверба на Владата заради тоа што се потребни 20 пратеници за да може да се покрене доверба на Владата. (дел од пратениците вели дека ќе има) не знам дали ќе има, меѓутоа не верувам дека ќе има, дури и јас би рекол за просечниот македонец изгледа најголем патриотизам ќе биде да ја заштити Македонија од сопствената власт.

И уште нешто во врска со излагањето, експозето на г-динот мандатор, јас сметам дека нема ништо конкретно, радикално во експозето сето тоа е повеќе козметичко, јас не видов дека во експозето постои елаборирана формулација во врска со остварувањето на индивидуалните и колективните права на човекот, потоа не се предвидува можност трансформација на политичкиот систем односно уставниот и политичкиот систем и секако особено ако се работи дека таква трансформација треба да се адаптира врз реалноста на Македонија, а таа реалност е мултинационална и мултикултурна.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Дами и господа пратеници, дами и господа министри, би бил краток во излагањето бидејќи ценам дека во изборните ветувања сите ветувавме дека ќе формираме и дека ќе работиме во еден ефикасен и рационален Парламент.

IX/4.-

Денес по оваа точка чувме многу работи кои што се сврзани со политички маркетинг и со ставови на партии, програми на партии, критики на досегашната Влада, претпоставки на идната Влада, а не го слушнавме и не го чувме само она што мислам дека е најзначајно, треба да се каже го поддржуваме предлогот на мандаторот и зошто го поддржуваме, или не по поддржуваме и зошто не го поддржуваме.

Во тој контекст јас би бил краток и би го кажал следново:

Политиката е чудна работа, еве денеска се случи една ситуација кога мислевме дека најлесно ќе поминеме по еден предлог на мандатор за формирање на нова Влада, се случи тој настан што сите не натера да размислуваме и да се ставиме во дилема. Меѓутоа ние се учиме на парламентарна демократија и денеска барем јас научив нешто ново, тоа е воздржана позиција, што за мене е нешто ново и несфатливо, а јас го поддржувам предлогот на мандаторот од следните причини: иако мојата прва реакција беше на веста објавена дека одре- ден кандидат за министер потпишал еден акт кој што не е во согласност со Уставот и Законот на Републиката, првата моја реакција беше навистина дека таков кандидат не би требало да биде кандидат во новиот Кабинет. Меѓутоа факт е дека водењето на политиката е вештина која малкумина ја поседуваат особено на просториите на оваа бивша Југославија, се разбира на бивша Југославија и последиците од тоа се видливи. Факт е тоа дека меѓу ретките што ја поседуваат таа вештина се нашите највисоки раководители пред се претседателот Глигоров и по мое мислење и мандаторот на кој што му е дадена општа доверба на состав на нова Влада г-динот Бранко Црвенковски. Водењето на политика во една ваква суптилна ситуација е уште потешко бидејќи се јавува дилема дали да се подлегне на една дневна политика и дневно реагирање и да се реагира од случај до случај во ситуација кога една многу тешка и

комплексна работа е доведена при крај и се чека навистина едно решение, одлука на овој орган или пак да се спроведува и упорно да се спроведе една генерална и долгорочна поли- тика на сигурен развој, мир и стабилност на Републиката.

Што стори главното мото во изборите барем на Сојузот за Македонија беше дека преку овој Парламент ќе се обезбеди мир и сигурност на граѓаните како основна претпоставка за развој во сите сегмент од живеењето. За мене најзначајно е дека во водењето на политиката преку сите направени дејствија, а и преку овие направени дејствија што се направени во случајот таканаречениот Универзитет во Тетово дека енергично на сите им е ставено дознание штос е може, а што не се може во оваа држава. Заради водењето на таа долгорочна и сигурна политика му давам поддршка на мандаторот бидејќи сум сигурен дека ги извагал сите работи, сите околности со сите последици и останал доследен во спроведувањето на својата зацртана политика.

Ќе бидеме наимни ако помислиме дека ние овдека ќе расправаме а мандаторот не го имал предвид овој нов факт, па и покрај тоа упорно го предлага истиот состав на Владата кој што беше објавен и во рокот на објавување на предлогот за Владата. Со тоа што моја препорака е покрај сите оние физички осврти што се јавуваат во работењето на досегашната Влада дека треба во иднина многу побрзо да се реагира во ситуации кога утврдуваме недоследности или слабости во одредени министерства преку реконструкција на Кабинетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се јавуваше г-динот Османи, ама не е тука.

Има збор г-динот Настевски.

IX/6.-

**ДИМЧЕ НАСТОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Не очекував дека моето прво излегување ќе биде за една ваква жешка тема, така да се рече на дискусија, но ситуацијата која се одвива денеска во Парламентот воопшто ме натера да се пријавам за една ваква дискусија.

Кога го видов составот на овој Парламент мислев дека се престанати лицитациите на македонштината, престанати се ситните кал-кулански игри, престанати се сите оние заткулисни игри кои што беа синоним на минатиот Парламент. Некој како да сака повторно да не врака во старата ситуација за еден неактивен Парламент, за еден незаконодавен Парламент кој што не може еве на правата спретка така да се рече, се спретнува и паѓа на нос. Навистина е чудно со ова што денес го прават со своето соопштение Либералната партија, бидејќи ако ние како социјалдемократски сојуз бевме воздржани при гласањето за претседател на Собрание, тогаш воопшто немаше ни да дојде ни до избор на претседател на Собрание. Мене не ме зачудува толку многу тој факт. Во политиката и во живото не признавам воздржаност. Признавам за или против. Или се за или против. Доколку мислам дека се против нека ги повлечат министрите од листите, нека одлучат што и како, дали ќе бидат опозиција или нема да бидат опозиција. Во оваа ситуација е навистина чудно да се префрлат одговорноста само на една партија се со цел поради истап на еден член предложен кандидат за министер. Ќе го парафразирам нека ми извини г-динот Рамадани во најпозитивна смисла дека зад кандидатурата на г-динто Илјас Сабриу не стои премиерот, туку стои ПДП како ПДП, Партија за демократски просперитет и таа е одговорна за тоа кои луѓе ќе ги предложи во составот кога ние веќе се одлучивме како глобална политика да водиме албанците да партиципираат во составот на Владата.

Затоа воопшто не треба да постои двојденост кај пратеничката група на Либералната партија околу тоа дали треба да дадат поддршка на оваа партија или не треба да дадат. Нека кажат јасно и гласно за да знаеме која политика се води од страна на Либералната партија во овој момент.

Што се однесува до албанците во Парламентот јас само ќе речам дека на албанците во Македонија сега му се случува ВМРО-ДПМНЕ на албански начин. Што значи дека сега се води борба кој ќе биде поглед или помал албанец.

Ова мое излегување воедно е и повик до лојалните сили на албанците на Македонија и понатаму да дејствуваат во рамките на Уставот бидејќи ние како социјал - демократски сојуз во изминатиот период имавме огромни притисоци и опстоивме на тоа дека мораме да живееме еден соживот со заедничка Влада, со заеднички размислувања и сите оние кои што се лојални граѓани на државата би требало во наредниот период независно од својата национална припадност да постапуваат во рамките на Уставот и законите на оваа земја. Затоа, нека не ги поведат емоциите, туку нека размислуваат на еден начин како што би требало да размислуваат секој лојален граѓанин на оваа држава почитувајќи ги законите и Уставот на државата.

Можеби ние како пратеници од Прилеп имавме некоја забелешка во составот на Владата заради незастапеноста на Прилеп, но во интерес на државата сето тоа го сведуваме и застануваме со поддршката зад оваа предложена Влада и за поддршката на мандаторот. Затоа како пратеничка група на СДС во целост мислам дека ќе ја поддржиме Владата во ваков состав како што е предложена од мандаторот.

(Благодарам)

IX/8.-

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Уште на почетокот да кажам дека го поддржувам понудениот состав на Владата од страна на мандаторот Бранко Црвенковски и оттука да ги отстранам сите дилеми во врска со позицијата на Партијата за демократски просперитет при актот за изгласување односно избор на Владата на РМ.

Ваков каков што е понуден здрав прав, добар лош.

Сметам дека експозето на мандаторот не претставува некоја платформа широко елаборирана туку повеќе го сфаќам како еден говор нас со кој пред настапи мандаторот при актот на изгласување на новата влада и како таков тој веројатно е сиромашен во одделни делови односно недоволно е елабориран особено во смисла на четвртата точка која според мене е повеќе декларативна отколку што има суштина и содржина но се надевам дека Владата доколку биде избрана во текот на својот мандат и ќе го опсежи односно на тој дел ќе му даде и суштина.

Сметам дека без право се наметна едно прашање и сметам дека тоа беше основната причина зашто денешната расправа се одвиваше и поприми ваков тек. Тоа е прашањето на иницијативата која во суштина бонафидес за основање на Универзитет на албански јазик и позицијата на еден човек кој е кандидат за министер во сите тие игри. Сметам дека доколку Либералната партија држи до принципи од тие позиции го поставив прашањето, сметам дека ја промаши адресата.

XI/1.- СС/СЛ

**НАСЕР ЗИБЕРИ**:(продолжение)

Господинот пред мене точно ги лоцира проблемите таму каде што се. Тука е во прашање една партија што учествува во коалицијата, односно, се согласи да учествува во коалицијата. И господинот кандидат е само продукт на таа партија. Мислам дека погрешно се водат овие разговори во оваа смисла, а сметам дека им се даде можност на некои големомакедонци и големоалбанци во и целата оваа рашамонијада да профитираат политички, а во суштина тоа не е тоа.

Големите патриоти Македонци овде, удирајќи се во гради дека тоа што го направи Владата не е тоа, туку треба уште порепресивно итн., и дека таму прети една голема опасност за оваа држава доколку такво нешто се случи, или пак големите Албанци овде, упатувајќи ни нам дури и одредени забелешки за нашето учество овде, на таквите патриоти едно ќе им кажам - Партијата за демократски просперитет не продава магла и празни ветувања. Партијата за демократски просперитет е решена низ органите на власта низ институциите на системот да ги реши проблемите што се постојни, што се реални и кои ги знае и овој мандатор и оваа Влада што ќе настапи на сцена. Било какви ветувања што реално не се изводливи, било какви ветувања што доведуваат во опасност постоењето на оваа држава итн., сметам дека се само илузија која овој народ на време ги осозна, на време им даде дијагноза и затоа бројот на пратениците од Партијата за демократски просперитет е таков, а на продавачите на магла е таков каков што е.

Партијата за демократски просперитет ќе настојува и во иднина и во оваа Влада доколку биде избрана проблемите да ги реши. Но, да ги реши со дијалог и низ институциите.

XI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе дозволете само неколку зборови да кажам за формирањето на новата Влада. По мое мислење не знам сега како да ја именувам, се формира нова Влада или некои нови кандидати сега се наметнуваат на таа бивша Влада и се именува нова Влада. Без разлика на тоа, од позиција на мојата партија знам дека многу малку во овој аспект можам да придонесам, меѓутоа дозволете ми да кажам нешто во овој поглед и некои работи да видиме понормално).и без еуфорија, да седнеме и да зборуваме како што е реално и нормално за решаваше на некои проблеми.

Некои од претходните дискутанти рече дека, ете, скоро сите пратеници од Западна Македонија дискутираат. Јас мислам дека е право на секој пратеник да дискутира и да го изрази своето мислење, а после колку ќе придонесе во тоа, нека се оцени, нека се утврди тука пред сите.

Мислам дека бившата Влада, а за жал некои од нив пак се во овој состав, направија огромни грешки и наместо да придонесат за стабилизација на ова општество, на оваа нова држава, Македонија, мислам дека во една голема доза сееле омраза и на крајот на краиштата можам да кажам дека не придонеле колку што треба за стабилизација во поглед на меѓунационалните односи.

XI/3.-

Ќе се потрудам уште на еден поглед да се осврнам и искажам мое мислење дека оваа Влада би требала и порано би требала да се определи дали е за решаваше на проблемите на демократски начин и да го докаже тоа во практика и на надворешен и на внатрешен план.

На внатрешен план мислам дека тоа е докажано и сите граѓани на Македонија го знаат.

Би рекол дека и на надворешен план , посебно би го спомнал претставникот на Владата кој пред неколку денови на ЌЕБС го искажа своето мислење дека не е во состојба уште да ја осуди омразата, уште да го осуди насилството. Сите тие што го следеле тој контекст, тој политички став, мислам дека знаат и добро можат да оценат за тоа.

Во поглед на ова што последниве денови се случи во Тетово, јас само нешто би рекол и би ја замолил новоформираната Влада, што мислам дека сигурно ќе го добие тоа што ќе го добие, довербата, и понатаму треба да работи на тој план да ги решава проблемите како што треба.

Би рекол дека во поглед на образованието еден дел од Владата тука сноси одговорност затоа што навреме не беше во состојба да ги решава тие проблеми. Беа некои крупни проблеми што сите ние ги знаеме, беа некои преговори и разговори што и Претседателот на Републиката многу во тој аспект зборуваше , меѓутоа, во никој аспект Владата не се одржа на тие ветувања дека во тој поглед ќе стои нешто.

XI/4.-

Наспроти неподготвеноста на државата, всушност Министерството за образование за обновување на наставните групи на албански јазик при Педагошката академија во Скопје и спроти и наспроти неспремноста да соживеат дадените ветувања и многу природна реакција за раѓање на нова иницијатива, се раѓа нормално за формираше универзитет во Тетово, како продукт на несигурноста што се раѓа од неисполнувањето на ветувањата и должноста создава сето тоа да се чувствува една неповолна позиција.

Лично сум убеден дека причинителите на еден таков тек на работите не се во случајов Албанците кои со надеж ги дочекаа промените, но за жал официјалните органи не беа подготвени да се соочат со реалноста и еднаквото вреднување на образованието на народите на Македонија.

Зачудувачка е одлуката на Министерството за образование која донесе одлука за обновување на наставните групи при Педагошката академија, но, сите не ги реализира. Од сето ова се заклучи, неспремноста на Владата на Република Македонија да ја согледа реалноста и своите пропусти за кои самата сноси голема одговорност.

Дами и господа пратеници и сите други граѓани на оваа Република со сета своја одговорност и без разлика на национална и верска припадност, треба да се соочиме со реалноста и со вреднување околу некои работи, за тоа кој е виновен и зошто бара барем во овој аспект да се школува на свој мајчин јазик. Јас лично мислам дека студентите се граѓани на светот кои соработуваат и се помагаат помеѓу себе, затоа ме изненади излегувањето на извесен број студенти на демонстрации против нивните колеги и други пред Собранието.

Верувам дека сакале или не , ќе мораат тие да соработуваат, бидејќи иднината е нивна,заедничка. Сигурно многумина од нив со сета своја млада душа се за соработка, и дека многу од нив се каат за тој гест што го направиле.

Уште еднаш апелирам за толерантност, паметност и разбирање, за решавање на сите проблеми.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 45 минути.

(Паузата започна во 17,15 часот)

(По паузата седницата со работа продолжи во 18,00 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Дали уште некој бара збор?(Никој не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Преминуваме на избор на Владата на Република Македонија.

Господинот Поповски бара нешто процедурално пред гласањето.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Сакам да замолам претседателе ако може 15 минути пауза, бидејќи еден голем дел од нашите пратеници што не очекувале дека толку брзо ќе продолжи седницава, да дојдат за гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе гласаме после 15 минути под еден услов ниту еден од пратениците сега присутни да не ја напуштат салата.

Пауза од 15 минути

XI/6.-

(Пауза од 18,05 часот до 18,30 часот)

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на избор на Владата на Република Македонија.

Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(71 пратеник)

(Аплауз)

Дали има некој против?(2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (25 пратеници).

За Владата гласаа 71 пратеници, против гласаа 2 пратеници, а од гласањето се воздржаа 25 пратеници.

Констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија:

За претседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски. (Аплауз).

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

д-р Благој Ханџиски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана (Аплауз).

д-р Љубомир Фрчковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи (Аплауз).

д-р Владо Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда. (Аплауз).

Стево Црвенковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи. (Аплауз).

д-р Јане Миљовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии. (Аплауз).

Ристо Иванов, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство. (Аплауз).

д-р Беќир Жута, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој. (Аплауз).

Јорго Шундовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина. (Аплауз).

Димитар Бузлевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски. (Аплауз).

д-р Иван Ангелов, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. (Аплауз).

Илијаз Сабриу, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална заштита. (Аплауз).

д-р Емилија Симовска, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура. (Аплауз).

д-р Софија Тодорова, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука. (Аплауз).

XI/8.-

Ештреф Алиу, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура. (Аплауз).

д-р Илија Филипче, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство. (Аплауз).

За министри без ресор се избрани:

Ѓунер Исмаил, Сашко Стефков, д-р Љубе Трпески и Мухамед Халили. (Аплауз).

Ги молам претседателот, министрите кои ќе раководат со министерствата и министрите без ресор да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечените изјави).

Ве молам да станеме.

(Претседателот на Собранието станува).

(Стануваат сите пратеници).

Текстот на свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам за Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија

Ги молам претседателот на Владата, министрите кои ќе раководат со министерствата и министрите без ресор да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Претседателот на Владата и министрите кои ќе раководат со министерствата и министрите без расор ја потпишуваат свечената изјава).

XI/9.-

Можеме да седнеме.

Дозволете ми во името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата Бранко Црвенковски и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период , како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено, дозволете ми да им заблагодарам на досегашните министри за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија министрите не можат да бидат пратеници во Собранието. Со изборот на пратеникот Јорго Шундовски за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина констатирам дека му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Согласно член 89 став 4 од Уставот на Република Македонија функцијата министер е неспоива со вршење на други јавни функции или професии. Со изборот на Димитар Бузлевски за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски, констатирам дека му престанува функцијата директор на Царинската Управа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,40 часот).